Списание на Обединетата Македонска Дијаспора

Број 9 . Пролетно Издание – 2011

ОМД Глас

СТИПЕНДИСТИТЕ НА БИТОВ НАГРАДЕНИ ВО ТОРОНТО: АЛЕКСАНДРА КЛОСЕ, АЛЕКСАНДЕР КАРАПАНЧЕВ, БИЛЈАНА МАРКОВСКА

ИН МЕМОРИАМ: ЧЛЕН НА РОМАНСКОТО СОБРАНИЕ, ЛИАНА ДУМИТРЕСКУ, 1973-2011

АМБАСАДОРКАТА АЦЕВСКА ПРЕТСЕДАВА НА ПРЕТСТОЈНАТА ГЛОБАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА Н ОМД ВО ВАШИНГТОН

КЛИМЕ КОВАЧЕВСКИ:

ПРИЗНАТИОТ ГОТВАЧ ОД МАКЕДОНИЈА ГО ОСВОЈУВА СВЕТОТ

РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ДЕНЕС ДА ЗАШТЕДИТЕ $50	ВРЕМЕНО РЕГИСТРИРАЊЕ Февруари 16, 2011 – Април 30, 2011	ДОЦНО РЕГИСТРИРАЊЕ Мај 1, 2011 – Јуни 22, 2011
Незачленет во ОМД	$325	$375
Член на ОМД	$300	$350
Студенти (под 21)	$250	$300

Број на регистранти: _____

Име/Имиња: _____

Име/Имиња: _____

Град, Држава/Провинција, Поштенски Код: _____ Земја: _____

Дали сте присуствувале на претходни Глобални Конференции на ОМД? ❑ Да ❑ Не
Дали претпочитате вегетаријанска храна? ❑ Да ❑ Не

Цените на регистрацијата не го претставуваат вистинскиот трошок на Глобалната Конференција. Со донација од $500 или повеќе можете да ни помогнете да донесеме видна македонска личност. Би сакал да донирам додатни парични средства:_____

❑ Чекот е вклучен (Ве молиме, чековите пополнете ги до: ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА)
Американски Долари $ _____ целосна сума
❑ Кредитна Картичка ❑ Американ Експрес ❑ Виза ❑ Мастер Кард

Број на катричка: _____ Истекува на:_____ /_____ CSV*:_____

Име на Картичката:_____ Потпис:_____

**трите (3) цифри на полето за потпис на задната страна од картичката. (Американ Експрес картичките имаат четири (4) цифри на предната страна). Пријавување во хотелот и регистрација на самото место ќе има во J.W. Marriott на 23 Јуни, 2011.*

ИНФОРМАЦИИ ЗА ХОТЕЛОТ

The J.W. Marriott
1331 Pennsylvania Avenue, N.W.
Washington, DC. 20004

Собите чинат $189 за вечер плус данок – соби со еден или два кревети
Јавете се на 1-506-474-2009 или 1-800-266-9432

Или посетете ја страницата за да резервирате на интернет:
https://resweb.passkey.com/Resweb.do?mode=welcome_ei_new&eventID=3103004

РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ НА ИНТЕРНЕТ на www.UMDGlobalConference.org, испратете факс на (202) 756-7323 или пратете писмо на: United Macedonian Diaspora, 1101 Pennsylvania Avenue, NW, 6th Floor, Washington, D.C. 20004

UNITED MACEDONIAN DIASPORA
ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА

За повеќе информации или за било какви прашања обратете се на Дијана Боут: *dbooth@umdiaspora.org*

ВО ОВОЈ БРОЈ ЌЕ ПРОЧИТАТЕ:

2 Регистрација за Глобалната Конференција н ОМД

4 Писмо од Претседателот на Организацијата

5 Мислење на Уредникот: Атина искористи Грци-академци во Нејзината Анти-македонска Игра

6 Готвач од Македонија го Освојува Светот

9 Политичка Карикатура: Петар Јанков

10 Македонско-Римски Војни: Чин втор

11 Млад Македонец во Австралија Добива Високи Пофалби

12 Донски: Старите Македонци Користеле Преведувачи Кога им се Обраќале на Старите Елини

13 Писмо од Отец Серафим: Апел за Помош до Гаврил Жежовски

14 “Името си е Име“ излегува на ДВД

15 Амбасадорката Љубица Ацевска Претседава со ГКОМД 2011

16 Воденка: Дури и од Нејзиниот Гроб, Мирка Гинова ги Разбеснува Грците

17 Мирка Гинова: Маченик за Македонија

18 Павле Маџиров: Советникот во Дизелдорф од Македонија

19 Откриј си ги Корените: Летно Школо за Археологија во Виница

20 Битови Стипендии: Инвестираме во Нашата Иднина.

21 ОМД Фестивал за Храна во Перт: Огромен Успех

22 Јовица Палашевски: Претставување на Македонија во Ветровитиот Град

24 Стојанов: Македонската Црква за Времена Османлиската Империја

26 Американско-Македонска Соработка во Раководење со Водниот Капацитет

28 ОМД Помага на Баба и Дедо во Македонија

29 Конференциски Комеморативен Журнал на ОМД

30 Спонзорство за Глобалната Конференција на ОМД

ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА

ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА

Обединета Македонска Дијаспора
1101 Pennsylvania Ave NW, 6th Floor
Washington, D.C. 20004
Phone: (202) 756-2244
Fax: (202) 756-7323
info@umdiaspora.org
umdvoice@umdiaspora.org
http://www.umdiaspora.org

Канцеларија во Австралија:
PO Box 2153
Hawthorn, VIC 3122 Australia
Phone: 0438 385 466
australia@umdiaspora.org

Канцеларија во Канада:
3555 St. Clair Avenue East,
Toronto, ON M1K 1L6, Canada
Phone: 1-800-UMD-9583
canada@umdiaspora.org

Уредник: Марк Бранов
editor@umdiaspora.org

Редакција: Ана Булинг; Александар Донски; Ирена Гапковска; Петар Јанков; Методија Колоски; Даме Крчоски; Џејсон Мико; Борис Патаров; Ристо Стефов; Горан Стојанов; С. Бенјамин Трејси; Воденка

Преведувачи на Македонски: Магдалена Алцева, Мартин Анастасовски; Даме Крчоски, Борис Патаров, Вера Најдовска

Графичко Уредување: Синди Армстронг

Мислењата и погледите кои се објавени во списанието Глас на ОМД припаѓаат на нивните автори; организацијата го задржува правото да се огради од мислењата и погледите застапени од страна на авторите во нивните текстови.

ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА

ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА

Основана во 2004, Обединетата Македонска Дијаспора (ОМД) е водечка меѓународна невладина организација која работи за интересите и потребите на македонците и македонските заедници низ светот.

Лоцирана во Вашингтон, ОМД исто така има канцеларии во Мелбурн, Австралија и Торонто, Канада како и претставници во Париз, Лондон, Брисел, Виена, Киев, Санкт Петерсбург и Штутгард.

ОМД е класификувана под шифра 501(c) (3) добротворна организација во САД. ОМД Канада е регистрирана како добротворна организација.

ОДБОР/ПРЕТСТАВНИЦИ
Стојан Николов- Претседател на Одборот/ Директор за развој на Глас на ОМД

Методија А. Колоски – Претседател

Александар Митрески – Заменик Претседател

Ивона М. Гринберг – Секретар

Денис Маневски – Благајник

Ордан Андреевски – Директор на ОМД Австралија

Џим Даикос – Директор на ОМД Канада

Горан Савески – Претставник за односи со јавност

Александра Трпковска – Директор за добротворни акции

Димитар Насев – Регионал претставник за Лос Анџелес-Јужна Калифорнија

Даме Крчоски – Регионален претставник за Перт-Западна Австралија

Арги Н. Белио - Регионален претставник за Форт Вејн-Индијана

Благој Б. Петковски – Регионален претставник за поширокатa област на Вашингтон

Клод Зоран Спасевски – Претставник за Париз

Борис Камчев – Претставник за Санкт Петерсбург

Златко Николовски – Претставник за Виена

ПИСМО ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ

Почитувани читатели:

Крајот на Јануари ни приреди тажни вести за заминувањето на Лиана Думитреску од овој свет. На истиот тој ден кога ја примив веста имав средба со службеник во Конгресот со кого разговаравме за однисте помеѓу Америка и Македонија. По некаква случајност, службеникот беше од романско потекло; сигурен сум дека се работеше за некаков знак.

Не можевме да поверуваме како една млада, амбициозна личност во нашата заедница со докажана страст на водач, не напушти толку рано. Сепак, нејзините достигнувања се историски и ќе опстојат во нашето сеќавање засекогаш. Лиана имаше огромен удел во признавањето на македонско малцинство во Романија, која е првата земја-членка на ЕУ што го сторила тоа до сега. Лиана им овозможи на Македонците посилен глас во Европа. Нејзините достигнувања треба да служат како пример за сите дејци во Македонската дијаспора низ светот. Сакам оваа година да и ја посветам на Лиана Думитреску-храбра и инспиративна личност за сите нас. Бог да ја благослови нејзината душа!

Овој Март во Македонија беше отворен Музеј на Холокаустот во Скопје. Како еден од најголемите во светот, овој Центар служи да не потсетува дека 98 отсто од Македонските Евреи беа испратени во концентрациониот логор Треблинка од страна на бугарската фашистичка власт која ја окупираше Македонија за време на тие темни мигови во Европската историја. Лично присуствував на церемонијата на отварањето на музејот чиј домаќини беа Претседателот и Премиерот на Република Македонија. Во тие мигови многу добро ја почувствував гордоста македонска. Македонци од разни култури и вери беа собрани да оддадат почит на настраданите. Ова навистина беше историско случување.

Односите помеѓу Израел и Македонија како и помеѓу двата народа, во последниве години се качуваат на повисоко ниво. Не само што делиме историски случности, туку и економските и културните врски помеѓу Израел и Македонија достигнаа високи нивоа. На многу начини Еврејската Дијаспора може да служи како пример за Македонската, и според тоа нашата заедница треба да се огледа на нивните примери со цел да станеме посилни и поефективни просветители за македонската кауза.

Ова ме носи до следната тема: пријателство. Ако сакаме да ги остваримe нашите зацртани цели за зајакнување и штитење на Македонската култура, Македонскиот народ не би требало да го прави тоа во самотија. Мораме да дадеме се од себе за да изградиме добри односи со други етнички заедници. ОМД го предводи дијалогот со другите народи, вклучувајќи ги Бошњаците, Хрватите, Унгарците, Евреите, Турците, Украинците и други заедници. Сојузништвата кои ги основаме ни овозможуваат да ги прифатиме разликите меѓу нас, да промовираме меѓусебно разбирање и да работиме заедно на прашања кои носат заедничи бенефиции. Овие сојузништва попатно ги подобруваат и зајакнуваат општествата во кои живееме, оние во Австралија, Канада, Америка и државите низ Европа.

Како резултат на обидите на ОМД се повеќе народи низ светот дознаваат работи за Македонија како и за предизвиците со кои се соочени Македонците. Можеби најдобриот начин за претставување на Македонија пред други народи е преку делење на нашето културно наследство со нив. На пример, во околината на Перт, огранокот на ОМД од тој град организираше Македонски Фестивал на Храна во Западна Австралија. Дали има подобар начин да се привлече вниманието на други кон Македонија од тоа да им се понуди наше кафе, баклава, зелник и тавче гравче? Знам дека сите мои пријатели кои не се Македонци ја обожаваат нашата храна!

Оваа година Македонија прославува 20 години независност. Покрај сите обиди да не дојде до тоа, македонскиот народ се избори за независна држава и со тоа ја исполни желбата на Гоце Делчев и останатите револуционери. Никогаш не смееме да ги заборавиме жртвувањата на Комитите и

Просветителите кои ни го овозможија ова наше независно и слободно постоење. Мораме да работи заедно за да го осигураме напредокот на Македонија и Македонците денес и во иднина.

ОМД продолжува во нејзината заложба да создаде нова традиција во светската заедница на Македонци. Од 23 до 25 Јуни, 2011, Македонците и пријателите на Македонија ќе се соберат во Вашингтон да расправаат за напредокот кој го остварила Македонија во последниве дваесет години, за сегашната ситуација во државата, и за се она што треба да биде сторено во иднина, се со цел да се создаде добра иднина за следните генерации Македонци!

Вашето присуствување на третата по ред Глобална Конференција на ОМД ќе допринесе за Вас и за светската македонска заедница. Местото на кое ќе се одрж конференцијата- хотелот J. W. Marriott- е само неколку улици оддалечено од Белата Куќа, Националниот Мол, Конгресот и многуте прекрасни споменици и музеи кои ги нуди главниот град на Америка. Донесете го вашето семејство и поминете неколку дена во разгледување на градот и во исто време придружете ни се заедно да го прославиме македонското наследство. Откако ќе се вратите од Глобалната Конференција ќе имате повеќе пријатели и ќе бидете дел од еден масовен обид да се направи битна разлика. Нема подобро време од ова во кое сме сега за соочување со критичните прашања на македонската сегашност. Не можеме да го постигнеме ова самите. Ни треба ваша помош- да мислиме глобално и да делуваме локално.

Со нетрпение ве очекуваме во Јуни во Вашингтон на нашето прославување на Македонија- нема да биде исто без вас!

Ви посакувам Честит Велигден на Вас и Вашето Семејство
Методија Колоски, Претседател

ЕДИТОРИЈАЛ

Академци искористени како пиони од атинската анти-македонска заложба

Од Марк Бранов и Даме Кркоски

Една од најпочитуваните институции во слободното општество е академијата. За добро или зло,придобивките од високото образование му овозможуваат на секој оној кој е производ на истото, влијателен авторитет. Доколку професијата на некој е директно поврзана со темата за која се дискутира, тогаш нивниот став можеби ќе има комплетно значење, особено доколку нивниот придонес кон академскиот труд е фер, чесен, и објективен. Но, таквиот статус на авторитет се мота, без разлика на квалитетот на она што се претставува, и без разлика дали се или не,експерти на темата за која се дискутира. Низа на иницијали после името на некоја особа има чудесен правец на сјајноста која го покрива сомнежот на безрезервната мисла. Оваа погрешна слика на авторитет исто така може да стане политички комодитет кој може да се купи или продава. Дали странски академци се запишуваат за да ја унапредат интернационалната кампања на Грција против Македонија? Доказите се натрупуваат.

Еден сомнителен пример е љубопитниот случај на Професор Џон Мелвил-Џонс, голем експерт за антички монети во познатиот Универзитет на Западна Австралија, во Перт. Во неговото слободно време, Мелвил-Џонс е постанат миленик на “Австралиско Македонски Советодавен Совет ”, која е всушност Грчка лоби група посветена на ширење анти-македонска пропаганда. Директна финансиска поврзаност помеѓу ‘AMCC’ и Грчките власти е тешко да се докаже земајќи ја во предвид скриената природа на оваа организација, но сите белези на блиски односи се очигледни. Исто така, потенцијалните придобивки за еден Професор по антиката да воспостави блиски пријателски односи со политичари на режимот во Атина, не изгледа премногу тешко да се замисли.

Во секој случај, најновите активности на Мелвил-Џонс ги опслужуваат многу добро на Грчкото Лоби. Кога странски академци се уфрлуваат во Грчката секојдневна пропагандска војна против Македонија со имиња кој несе Грчки, и од Универзитети кој несе во Грција, тоа го зацврстува лажниот впечаток на објективноста, и ги прави истите уште повеќе ценет алат на пропагандата. Секако, анти-Македонските дејности на Мелвил-Џонс се целосно непрецизни, а истите имаат многу малку заедничко со неговите експертски способности од полето на Античка нумизматика, иако е очигледно дека овој факт не засега никого.

Подолу следат неколку коментари кој Мелвил-Џонс ги направи на една гала претстава за AMCC во Мелбурн од Ноември 2010 година:

- “...(Вие Грците треба) да се спротивставите на обидите од страна на денешните Словенски жители од ФИРОМ за создавање на нација која е основана на неодамнешна измислена митологија...”

Australian Macedonian Advisory Council

Professor John Melville-Jones

- "...Најдобрата опција, онака како што јас е гледам, е да се убедат "Фиромјаните " да се согласат нивната држава да се нарекува 'Северна Македонија' ... премногу е касно да дадам свој личен предлог, кој би бил името 'Вардарија' ..."
- "(Мора да биде) прецизно опишано дека никакви територијални претензии не можат да бидат оспособени од основа на ова име... "
- "Имам запознаено повеќе луѓе од ФИРОМ во Перт... тие беа претежно не баш добро образовани, тие генерално не се бидени во позиција да можат да го оспоруваат искривеното гледиште на историјата на која е основана нивната нација..."

Мелвил-Џонс силно го прокламира надавањето од неговите грчки подржувачи кога ги преименува Македонците во "етнички словени", изгледа поради тоа што Македонскиот јазик е значително Словенски по потекло. Но по оваа логика, кога првиот јазик на Мартин Лутер Кинг беше Англиски, неговото етничко потекло морало да биде Англо-Саксонско...

Во продолжение, бидејќи денешните Грци говорат идиом поврзан со античките грчки јазици, оваа логика исто така асоцира директна, непокорена етничка поврзаност помеѓу нив и античките Грци, занемарувајќи го фактот што денешниот Грчки јазик не беше стандардизиран до деветнаесетиот век, со самото основање на Грчката држава, во која грчкиот јазик мораше да се изучува во училиштата на западните Грци (кој претежно говореја Албански), како и на источните Грци (каде што генерално зборуваа на Турски.) Фактите говорат дека денешниот Грчки јазик би бил претежно непознат за еден Антички Хелен, и со сигурност непознат за Античкиот Македонец. Секако дека луѓето кој денес се нарекуваат себеси "Елинес" не го имаа присвоено ова име до деветнаесетиот век, до кога се нарекуваа себеси како "Ромеи" или Римјани.

Мелвил-Џонс ги претставува Македонците како луѓе со потекло ексклузивно од територијата на што е денес независна Република Македонија. Всушност, огромното мнозинство на Македонците во Австралија со кој тој наводно разговарал, кој истиот ги нарекуба "Фуромјани " се фактички по потекло од јужниот егејски дел на Македонија, делот кој е толку блиски до неговото филхеленско срце. Во игнорантска мода, тој ги третира овие луѓе како дојденци на својата територија. Во основа, Македонците се домородци на целиот регион на Македонија, еден непријатен факт за кој Грчката влада би сакала целиот свет да го заборави. Мелвил-Џонс со неговата вметната теза за "штотуку измислена митологија" асоцира на нешто кое има многу малку заедничко со антички монети, сферата во која тој е експерт. Како и да е, Професорот самоуверено ја пласира подгреаната теза дека името на Република Македонија подразбира територијален ирендентизам кон Грција. И конечно, за илустрација, Мелвил-Џонс се осигура да ги означи Македонците кој тој ги знаел во Перт за "Необразовани", кој не биле во можност да си го познаваат својот идентитет.

Во едно издание кое следеше потоа на "EurasiaReview.com", изненадувачки Мелвил-Џонс превзеде неколку чекори наназад од неговите тврдокорни позиции од Мелбурн. "Знам дека во северна Грција некој од работите кој му се дешавале на Словенското малцинство кое живее таму, како охрабрувајќи ги да не го употребуваат нивниот јазик, неможе да се подржи... но јас сум специјалист за античкиот свет, не за модерниот." Тоа беше изненадувачко признание од еден Професор. Но, истото ја открива лицемерната претстава на неговите претходни тези. Признавајќи дека Македонците потекнуваат од југот, Мелвил-Џонс значително си наштети на неговата претходна теза, дека Македонците биле всушност "Словени" од Античка Пајонија. Но, неговите дополнителни појаснувања се еден обичен гест, пошто штетата на неговиот кредибилитет беше претходно направена.

"За да може човек од едно толку големо академско постигнување да завземе толку пристрасна позиција против една од најмногубројните заедници во Австралија, само може да сугерира дека истиот застапува туѓи агенди против Македонците," прокоментира Даме Крцоски, Претставникот на ОМД за Перт. "Во неговиот обид да отстрани секакви легитимни права кој Република Македонија ги има над нејзиното име и потекло, Професор Џон Мелвил-Џонс е принуден да копа 2300 години назад во историјата, притоа комплетно игнорирајќи ја реалноста од изминативе двеста години, без да ја спомнеме реалноста од 2011 година. Тој го користи неговиот кредибилитет и позиција во Универзитетот за да се подаде една легитимност кон неговите игнорантски полемики за денешната Грчка политика."

Професор Петер Хилл, гостин на Австралискиот Национален Универзитет, ја посочи ситуацијата:

"Професорот Мелвил-Џонс, иако специјалист по класика и античка историја, не може да се повикува на истата експертиза спрема модерната историја на југо источна европа или на јужно словенските јазици. Несовесно е за еден Научник да укажува дека една етничка заедница во Австралија, во овој случај Австралиските Македонци, дека биле недоволно интелигентни да знаат кој се а кој не биле... Нациите се, по дефиниција, производ на модерната ера. Многу пати се повторувало дека Австралија станала држава на Галиполи.

"Хеленската Република потенцира дека самото користење на името Македонија од страна на соседната држава асоцира на ирендентизам, бидејќи има дел во северна Грција кој се нарекува Македонија. Но има можеби еден куп примери на слични ситуации околу светот. Луксембург е држава како и провинција во Белгија, Азербејџан е самостојна Република како и провинција во

CONSULATE GENERAL OF GREECE IN TORONTO

Liberal MP Jim Karygiannis

Dr. Christos Karatzios, MD, McGill University

северен Иран. Името Франција значи земја на Франките (на германски Франкреик) – но исто така постои провинција во Германија наречена Франкен, на Англиски Франконија, што значи земја на Франките.

Хеленската Република се однесува како да се чувствува во опасност од нејзиниот помал сосед. Тешко е на ова да се поверува, бидејќи Хеленската Република поседува една од најсилните Армии во НАТО... За да се излезе во пресрет на Грчкиот сензибилитет, Република Македонија дури го смени своето знаме... (како и) уставот каде што сега пишува дека Република Македонија нема територијални претензии кон нејзините соседи“

На 5ти Март, 2011, пола пат околу светот, предавање насловено “Увид во Хеленизмот” се одржа на престижниот Универзитет на Торонто, Сеинт Џорџ кампус, во Торонто, Канада. Спротивно од настанот на AMCC од Мелбурн неколку месеци претходно, “Увид во Хеленизмот” беше недвосмислено спонзориран од агенцијата на Грчката власт, Светскиот Совет на Хелените. Генералот на советот за Грција и Кипар ги отвори предавањата со говори, каде што беше присутен еден од најголемите анти-македонски пропагандисти, Парламентарецот Џим Каригианис, претставникот на Либералите за Скарборо-Агинкорт. Помеѓу присутните исто така беше Костас Менегакис, од Конзервативните.

На овој ден “Академик“ назначен да ја промовира тезата на Грчката власт беше Доктор Кристос Каратзиос, Педијатар од Монтреалскиот Макгил Универзитет. Сличностите помеѓу Доктор Кратзиос со неговата формална медицинска обука и поврзаноста на истата со Македонската историја и политиката е непозната, но истиот неколку пати напомена како тој ја претставува “академската перспектива” во врска со темата за која се дискутира.

Доктор Каратзиос во неговата двочасовна “PowerPoint” презентација наречена “Македонизам: Веродостојност или Мит”, успеа да прибере околу стотина присутни за да ја следат истата. Во оваа бројка се вбројуваат една рака Грчки националистички активисти, агенти на Грчката држава, како и Грчки медиуми, но мнозинството присутни беја впечатливите средно школци со етничко Грчко потекло, ставени внатре за да стекнат анти-македонски чувства.

Доктор Каратзиос истакна неколку неосновани заговорни тези против Македонија, и бројното етничко Македонско малцинство во егејска Македонија (северна Грција). Смешно но вистинито, повеќето од “научниот труд” на Каратзиос се состоеше од “copy-paste” интернетски дискусии помеѓу корисници на форуми, за да ги искористи истите да се демонизираат Македонците и да ги претстави како Мразители на Грци, пред бројната тинејџерска публика.

Некој од тезите на Каратзиос се следниве:

- Корените на Македонското прашање настанаа со Николај Павлович Игнатиеф – Пра прадедото на сегашниот Канадски Лидер на Либералите Мајкл Игнатиеф – и неговиот пан-словенски апетит да се придобие пристап до стратегиски Грчки пристаништа за Царот на Русија.
- Намерата на Игнатиеф се преобраза во комунистички заговор многу децении подоцна, за да се “создаде фалсификувана нација” на Македонци, само за целта на територијална агресија врз Грција, во име на Бугарите, Југословените и Русите.
- Дека децата бегалци од Грчката граѓанска војна во 1948 – генерација од десетици илјади Македонски деца, етнички изчистени од егејска Македонија од страна на Грчките Власти, евакуирани од интернационалниот црвен крст за време на војната – биле всушност “Грчки деца” украдени од нивните куќи во ноќите од страна на наоружаните комунисти.
- Македонците биле нација без историска или културна поврзаност со егејска Македонија, само со “Скопиа”

Каратзиос исто така имаше пофалби за себеси наведувајќи дека има фамилијарно потомство со Патријархот и воен криминалец Германос Каравангелис (омразена политичка личност од страна на Македонското малцинство во егејска Македонија), како и паравоинот Павлос Мелас. “Грчки личности како Каравангелис и Мелас беја воени криминалци по сите стандарди“, кажа Директорот за Канада на ОМД Џим Дајкос, “Исто така е шокантно што Грчки националисти ги издигнуваат на ниво на херои.”

Доктор Каратзиос дури продолжи до таму што се обидуваше да го оправда бомбардирањето од страна на Грчката власт над цивили, за време на Грчката граѓанска војна (Проверете на: http://www.youtube.com/watch?v=7dEaqApJj40 и погледнете на 9:28 минути.)

Кога Каратзиос заврши, Парламентарецот Каригианис стана, упатувајќи пофалби на “академската“ настава во следниот период на прашања и одговори. Исто така тој си зеде за право јавно да ги нарече етничките Македонци “Скопјани” исто како што тоа го има кажано претходно за новинар на “Globe and Mail” во Септември 2007 година. ”Скопиани” е омразувачка клевета која се употребува погрдно во Грчкиот јазик за да се омаловажуваат оние од етничко Македонско потекло, за да си замислуваат дека само Грците имаат историско или културно наследство на егејска Македонија, а воедно и да се оспорува постоењето на Македонско малцинство во северна Грција.

“Македонците, особено оние од егејска Македонија, имаат претрпено вакво ксенофобично однесување од радикалните елементи на Грчкото општество, долго време,” коментира Горан Савески, Офицер за врски на ОМД за Канада. “Во дваесет и првиот век е недозволиво што толку голема омраза се внесува во Канада од страна на агентите на Грчката држава.”

КЛИМЕ КОВАЧЕВСКИ: Признатиот готвач од Македонија го освојува светот

Од Ана Булинг

Мајстор Климе Ковачески во изминатите две децении готвел јадења за беспрекорно лојална клиентела која постојано се зголемува. Образован во Охрид и Хрватска, Ковачески посегнува по работен ангажман во Амстердам каде станува главен готвач во ресторанот Јама во траење од цели десет години за потоа да стане сопственик и готвач на признаетиот ресторан Кристал Кафе во Мајами. Ковачевски сега работи во ресторанот Мез во Северна Каролина а во слободното време е посветен на книга за источно-европската кујна, заедно со гурманскиот критичар Ли Клајн. Во ова интервју Ковачевски ќе ни каже како неговите силни македонски корени служат како инспирација во неговата вештина, ќе ни каже за лекциите кои тој ги научил од неговата импресивна клиентела и за неговите идни планови.

АБ. Какво влијание има македонската култура на твоето готвење?

КК. Кулинарската култура на твојата земја те прави да меморизираш вкусови кои се врежани во потсвеста. Имаш замисла за вкусот кој пробуваш да го постигнеш, без разлика колку е тоа непредвидливо, и откако ќе го создадеш тој вкус гостите имаат што да кажат бидејќи нивното јадење било зготвено од срце.

АБ. Дали преселбата во Америка ги предизвика или прошири твоите готвачки вештини?

КК. Кога првпат се преселив во САД во 1984, се најдов среде една кулинарска еволуција која се одвиваше овде за време на осумдесетите и деведесетите години, најглавно поради експлозијата од списанија и телевизиски програми посветени на храна и готвење. Тоа што живеев во меѓународен и компетитивен град каков што е Мајами, секое утро се будев со мислата, какви состојки да нарачам денес за да создадам нешто ново и свежо?

АБ. Што те поттикна да станеш готвач и да посетиш две школи за готвење- едно во Охрид и едно во Хрватска?

КК. Тоа што сум музичар ме натера да трагам по нешто што е подеднакво креативно, непредвидливо и со предизвик, со цел да стекнам сигурна професија. Така одлучив дека готвењето ги исполнува овие критериуми.

АБ. Дали тоа што си Македонец те направи поразличен од другите готвачи и домаќини на ресторaните во кои си работел?

КК. Фактот што не сум Француз, Италијанец или Шпанец- националности поврзани со готвењето и земји со популарни кулинарски традиции. Морав

да биде добар во секој поглед за да го повлечам вниманието кон мене и да добијам поддршка.

АБ. Дали мислиш дека источно-европската кујна е ретко истражувана од страна на други готвачи?

КК. Мислам дека има негативни конотации кои се поврзани со историјата што се должи на комунизмот. Можеби тоа е причината што се јавува одреден степен на аверзија или одбегнување на тој начин на готвење овде во западното општество.

АВ. Како може да биде ова променето за оваа храна да стане достапна до народот како и до ексклузивните обожаватели на храна?

КК. Тоа се постигнува со преобразување на класичните понуди и нивно еволуирање во нешто што е повеќе прифатливо за народот, но во исто време, тие чинии мораат да ја задржат регионалната уникатност и квалитет. На пример- начинот на кој го спремам лососот беше инспириран од традиционалниот начин на подготвување на охридската пастрмка.

АВ. Дали планираш да издадеш книга за источно-европска храна? Кои се твоите омилени македонски јадења?

КК. Ако не ги сметаме најпознатите јадења од Македонија, давам предност на се друго што е комбинација од три до пет состојки, со исклучок на свинско месо.

АВ. Имаш "мала црна книга" на муштерии. Кој е твојот омилен муштерија од оваа листа?

КК. Иги Поп е дефинитивно еден од моите омилени гости. Кога за првпат се заљубив во звукот на гитарата од мали години, тој беше еден од они музичари, заедно со уште неколку од тоа време, кои беа слушани во мојот дом. Беше добро искуство што го сретнав Иги Поп. Тој е тотално различна личност од она што го гледаме од него кога е на сцена. Тој разговара со умерен глас и е многу љубезен.

АВ. Кое ти е омиленото јадење што лично си го измислил?

КК. Немам омилено. Тоа е исто како да прашаш родител, кое ти е омилено дете. Сакам јадења што можам да ги зготвам брзо и спонтано. Токму овие стануваат најпопуларни и најпосакувани.

АВ. Кој е твојот совет за идните готвачи?

Не служи јадење кое не би го јадел самиот. Исто така, имај на ум дека кога готвиш не се работи за тебе. Ти си човекот кој ги остварува кулинарските фантазии и барање на други луѓе.

Од Петар Јанков, репродуциран со дозвола

МАКЕДОНСКО-РИМСКИ ВОЈНИ: Втори акт

Од с. Бенџамин траси, б.А., Англиски и латински, м.S. Ед.



Вториот акт од театарот на војната помеѓу Македонија и Рим (197-148 пне) открива богата историја на антички билатерални и трилатерални преговори, политичка интрига како и борбени алианси, и да не заборавиме предавства и поделби. Деценииите кој следеа по Филип V – Ерата на Македонските Кралеви Персеј (178-168 пне) како и Андрискус “Филип VI”(с. 150-148 пне) – се состојат од две Македонско-Римски револуции. Едната резултира со Римско освојување како и поделба на Македонија на четири области, во 168 пне. Втората резултира со Македонско востание кое ја победи на Римската војска, привремено обединувајќи ги четирите области а воедно проширувајќи ја Македонската доминација со присвојувањето на Тесалија, во 149 пне.

Рим беше принуден да ја признае Македонија за независна држава со значителна моќ. Поради овој факт, сенатот и жителите на Рим припремија спречување на евентуалната Македонска и Картагенечка алијанса, со назначувањето на нова армија и избирање на нов Праетор. Името на новиот Праетор беше Квинтус Касилиус Метелус, чиј што наредби беа да се уништи секаков отпор.

Една година подоцна, Квинтус Метелус извојува победа врз Андрискус кај Пидна, кое се наоѓа на истата локација каде што кралот Персеј беше поразен дваесет години претходно на борбата кај Пидна. За оваа победа, сенатот го награди Метелус со титулата ‘Маседоникус’, означувајќи го крајот на Македонската независност, поделувајќи ја нацијата и назначувајќи ја истата за првата источна провинција на Рим. Рим повторно успеа да ја подели Македонија и да означи контрола врз неа со формирањето на четири Републики, секоја со свој назначен Римски Гувернер.

Во меѓувреме Картагина беше уништена, овозможувајќи му на Рим да се вметне во безаконието кое владееше во Хелас, нешто за кое Филип V имаше предвидувано триесет години претходно. Рим назначи внатрешна контрола и притоа ги претопи сите грчки град-држави врз своја управа. Филип ги имаше предупредено Хелените за Римскиот модел на управа, да се чуваат непријателските фракции во статус на меѓусебна војна додека дојде време за целосно потчинување на сите нив.

Пред втората Македонско-Римска војна, Хелените и нивните сојузници имаа побарано воена подршка од страна на Рим против Филип. Но Римски амбасадори го имаа посетено Филип, карајќи се со него дека нивното присуство во град-државите не била окупација, него одбранбена тактика против военото проширување на Македон. Филип не веруваше во овие тези бидејќи ги знаеше вистинските мотиви на Римјаните, контролата врз истокот.

Безброј арбитражи и делегации помеѓу Филип и Хелените започнаа потоа. Првиот трудејќи се на вториот да го убеди во мотивите на Рим. Пророчки, за време на една сесија во Панаетолскиот конгрес, Македонски претставник ги предупреди на Хеленските делегати за вистинските мотиви на Рим: да се дозволи населувањето на нејзините легии во овие предели, и да се превземе нивниот јарем врз нивните рамена; тогаш би било касно и за џабе повикавањето на Филип за да биде ваш сојузник (Livy, Ab Urbe Condita 31.29). Македонските претставници ги потсетија на Хелените за Римската заплена врз Сиракус, кое беше извршено како замка за наводна реставрација на нивната слобода од Картагинската опресија.

Сепак, векови на недоверба, ривалство и воени дејствија помеѓу Македонската Империја и Хеленските град-држави, придонесоа за втората страна и нејзините сојузници да побараат билатерални односи со Рим наместо со Македон. Политички како и воени алијанси потоа беа формирани помеѓу коалициите на Хелас, Алијансите од Пергам и Родос, и со сенатот и граѓаните на Рим, против силите на Македонија. Така започна Римскиот влез во истокот, во летото од 200 година пне.

Никогаш претходно Македонците, Хеленските град-држави или нејзините сојузници источно од егејот не виделе сила како таа на Римската армија: со непознато оружје како шилестиот шпански меч, лесна телесна опрема, пристојно уредена во целост, со иновативна тактика и вооружување, како на пример формацијата тестудо (желка), како и ариес (тапан). Традиционалните ‘балистае’ како и ‘пелтаст’ формации користени од страна на Македонците и источните армии беа немоќни во споредба со Римската милитарна механизација, како што тврди Ливи (Livy), исто така Римскиот боречки стил ги збуни стратегиите на Филип, изплашувајќи го целиот исток. Самиот Филип признал дека “Никој не би можел ни да замисли дека еден таков камп бил камп на варвари“ (Livy, Ab Urbe Condita 31.35). Обратно пак, Ливи (Livy) се восхитуваше и со непобедливиот дух, моќта како и со векови докажаната генијалност

на Македонската армија, позната од на далеку со нејзините жолто златни оклопи, и со огромно долгите стрели. Македонските легии кој броеја стотици, беа познати по нивната боречка тактика, како на пример наместувањето на кралскиот шатор пред самиот бедем, во највидливиот простор, за да ги заплаши непријателите и да ги инспирира своети војници, како знак на неговата самодоверба. (Livy, Ab Urbe Condita 32.5).

Ливи исто така ги илустрира многуте борби, делегации и политички расправии помеѓу Македонија и Хелас, како и оние на Македонија и Рим. Една од неговите детални описи е за еден интригантен и тензичен дијалог помеѓу Кралот Филип, Хеленските претставници, и триесет годишниот Римски генерален конзул, Титус Квинтиус Фламининус (198 пне). Овој дијалог се одржа на море, до Никеја, со секоја од страните заковани на вкотвени бродови врескајќи ги својте аргументи еден врз друг (Ab Urbe Condita 32.32).

Кога Фламининус побара од Филип да дојде до брегот, за да разговараат и да се слушаат по погодно, Филип одби. Римскиот конзул тогаш праша, "Од кого тогаш се плашиш?"

Филип, покажувајќи горд и кралски дух одговори, "Јас од никој несе плашам, освен од безсмртните богови, но немам доверба во добрата намера на сите оние кој ги гледам, а имам најмала доверба во Етолијанците (Хелените)."

Но Фламининус одговори дека "Тоа е опасност која е еднакво почувствувана од сите кој доаѓаат на конференција со непријателот, доколку нема добра волја.

"Сепак, Титус Квинтиус го оспори на Филип изјавувајќи дека "Филип и Паенеас [Етолијанскиот судија] не се еднаква награда за коварство, доколку има акт на предавство. Поради тоа што не би било толку тешко за Етолијанците да изберат друг шеф судија од колку за Македонците да најдат крал за да го стават на моето место."

Кога претставниците и Фламининус му наредија на Филип да се повлече од Хелас, Филип возврати дека тие не можат да му кажат каде се границите на Хелас, бидејќи во самата Етолија, самите Аграеи, Аподоти како и Ампилочи завземаат огромна територија на Етолијанската територија, а воедно несе Хелени.

Аргументите создадоа поголемо непријателство помеѓу Македонија и Рим, што евентуално резултира со последната голема борба во 197пне, издејствувана на високите рамништа од Синосефалаи. Бруталната битка, попречувана од ненадејна магла, евентуално заврши со Римска победа и Македонска загуба која резултира со многу загинати Македонци.

Битката на Синосефалаи придонесе за едно примирје кое беше побарано од страна на Филип, кое беше веднаш прифатено од Фламининус, против желбата на своеволниот сојузник, Хеленските Етолијанци кој протестираа против оваа одлкуа до Римскиот конзул, кој воедно веднаш ги одби. Долги конзуларни собири следеа со повеќе провокативен дијалог и преговори помеѓу Фламининус, Филип (кој беше послушник на желбите од Фламининус), и Хеленските претставници.

Град-Државите останаа како Римски протекторати, а Македонија и Рим прифатија примирје кое траеше до неочекуваната смрт на Филип во 179 пне. Неговиот крај резултира со тоа што Македонскиот престол беше оставен за присвоениот син на Филип и наследник, Персеј. Младиот крал чувствувајќи се навреден од парализирачките компромиси етаблирани во примирјето, ја дигна неговата нација во револуција против Рим и нејзиниот Хеленски протекторат, за да ја поврати Македонската гордост и сила. Ова ја назначи третата од четирите Македонски војни со Рим.

МЛАД АВСТРАЛИСКИ МАКЕДОНЕЦ ОСВОЈУВА НАЈВИСОКИ ОТЦЕНКИ

Од Марк Бранов

Младиот Бобан Ѓоргоски има постигнато неверојатна академска цел, рангирајќи се во најврвниот процент на неговата држава. Рангирањето, познато како ATAR во Австралија, го обработува целокупното академско постигнување на еден студент во споредба со неговите врсници. Почнувајќи од 0.05 оценката на Бобан достигна 99.85.

Како што беше истакнато во Канбера Тајмс (Canberra Times), Бобан беше еден од оние кој беа почестени на специјална церемонија, каде што министерот за образование, Андру Бар го награди Бобан со сертификат на постигнувањето (Certificate of Achievement), во Австралиската национална библиотека во Канбера.

Бобан е студент на престижниот Австралиски национален универзитет со целосна стипендија. Таму е запишан на Актуарски и Финансиски студии, на елитна програма која прима по само триесет студенти на годишно ниво.

Ова не е прв пат да постигнувањата на Бобан бидат објавени во медиум, бидејќи како помал тој исто така има победено на национална конкуренција за природни науки, кое беше одржано од страна на Австралискиот гигант во рударскиот сектор Рио Тинто.

Бобан освои перфектна оценка, во конкуренција со 25,000 студенти од ширум Австралија. Бобан е посебно упатен во Математиката, Хемијата и Физиката, но

неговата академска надареност се состои од широк список на сфери. Како вице капетан на неговиот факултет, Бобан исто така има врвни достигнувања во музика, драма, како и во спортот.

АНТИЧКИТЕ МАКЕДОНЦИ КОМУНИЦИРАЛЕ ПРЕКУ ПРЕВЕДУВАЧИ СО АНТИЧКИТЕ ЕЛЕНИ:

Постојат Поголем Број Антички Сведошта Од Кои Јасно Се Гледа Дека Античките Македоници Не Биле Никакви Елени, Туку Засебен Народ Кој Зборувал На Сопствен Јазик

Од Александар Донски

Доказ за засебноста на македонскиот јазик има во еден фрагмент од папирус, за кој се смета дека претставува дел од изгубеното дело под наслов „Историја на наследниците“ од веќе спомнатиот антички грчки историчар Аријан (Луциј Флавиус Аријан Ксенофон, кој живеел од околу 92 до 175 година по Христа). Во овој папирус (PSI XII.1284), спомната е една епизода од македонската историја во која е јасно потенцирана засебноста на македонскиот јазик. Овде читаме дека секретарот на Филип и на Александар Македонски, по име Евмен (цитат): „...испратил напред еден човек, по име Ксение, кој зборувал македонски...“ за да преговара со Македонската војска на Неоптоломеј. Овој настан се случил околу 321 година пред Христа.

Веќе спомнавме дека Аријан напишал биографија за Александар Велики Македонски, која денес се смета за најстарата целосно зачувана биографија за овој славен македонски војско водител. Во оваа биографија Аријан на повеќе места ги потенцира разликите помеѓу Македонците и Грците. Овде само ќе потсетиме на описот на битката кај Ис, во која на страната на Персија против Македонците се бореле илјадници Грци. Аријан пишува дека во оваа битка најжестокиот судир бил токму помеѓу Македонците и Грците, а главна причина за тоа, покрај другото, била големата омраза помеѓу овие два народи. Во врска со ова Аријан пишува:

“Почнала жестока борба. Дариевите Грци се бореле со цел да ги потиснат Македонците назад кон реката и да ги задржат позициите на своето лево крило... Судирот беше уште повеќе загорчен поради старото расно ривалство помеѓу Грците и Македонците“. (Аријан: „Походите на Александар“, во превод на Аубиреи Де Селинкорт, Пингвин книги, САД , 1987, стр. 119).

Може некој да ми објасни како е можно Македонците и Грците биле “еден народ” кога во овој антички релевантни сведочења можеме да видиме дека таму беше стара омраза меѓу нив?

Вредни сведоштва за засебноста на јазикот на античките Македонци дал и грчкиот антички историчар Плутарх (кој живеел од околу 45 до 120 година по Христа). Во својата биографија за Евмен, опишувајќи го појавувањето на Евмен пред македонските војници, Плутарх запишал:

“…При првото видување на нивниот омилен генерал, војниците го поздравија на македонски јазик, заѕвечија со оружјето и со силни повици го предизвикаа непријателот да нападне, сметајќи дека тие се непобедливи додека тој беше на чело.“ (Евмен од Плутарх 14, 10, во превод на Џон и Вилијам Лангхорн. Електронс ка верзија на: http://www.attalus.org/old/eumenes. html. Џон Лангхорн живеел во XVII век. Бил познат англиски поет, а преводот на делата од Плутарх го направил заедно со својот брат Вилијам. Овој превод се појавил во 1770 година).

Плутарх го спомнува македонскиот јазик и во својата биографија за Марко Антоние. Познато е дека по смртта на Александар Велики Македонски неговата империја се распаднала, а со нејзините делови останале да владеат неговите врвни војско водители. Така, на пример, неговиот војсководител, другар од детството (а според некои извори и полубрат) Птолемеј Први останал да владее во Египет и некои околни земји. Тој ја основал династијата Птолемеи, која останала да владее со Египет и по неговата смрт. Најпознат потомок на оваа македонска династија е славната египетска кралица Клеопатра Седма. Во Биографијата за Марко Антоние, Плутарх посветува поголем простор на ликот на Клеопатра. Притоа тој индиректно споменува дека нејзиниот мајчин јазик бил македонскиот. Плутарх пишува:

“Беше вистинско задоволство да се слуша звукот на нејзиниот глас со кој, како инструмент со многу жици, таа преоѓаше од еден јазик во друг, така што, имаше само неколку барбарски народи со кои разговараше преку преведувач, додека со поголемиот дел од нив таа директно разговараше. Такви беа: Етиопјаните, Троглодите, Евреите, Арапите, Сиријците, Ме

дите, Партијците и многу други, чии јазици таа ги научи. Тоа беше уште поизненадувачко затоа што повеќето од нејзините предци кралеви одвај се мачеа да го научат египетскиот јазик, а некои од нив прилично го запоставија и македонскиот“. (“Антони” од Плутарх, во превод на англиски од драматургот Џон Драјден, кој живеел од 1631 до 1700 год. Елек тронска верзија на овој превод на: http://clas-sics.mit. edu/Plutarch/ antony.html).

Ова многу значајно сведоштво од Плутарх ни зборува дека мајчиниот јазик на Птолемеите бил токму македонскиот јазик. Гледаме дека, според Плутарх, некои од нив (веројатно заради политички причини) го запос тавувале македонскиот јазик на сметка на заедничкиот јазик коине. Но, Плутарх не пишува такво нешто и за Клеопатра, што значи дека таа си го задржала својот мајчин македонски јазик.

Постојат и други сведоштва од Плутарх во врска со засебноста на македонскиот јазик. Некаде околу 76 година по Христа, врз основа на постари дела, Плутарх напишал биографија на Александар Македонски. Во оваа биографија (глава 53), опишувајќи една расправија помеѓу Александар Македонски и еден негов пријател, Плутарх запишал:

“Александар... рипнал на нозе и почнал на македонски јазик да ги довикува своите штитоносци, што беше знак за голема вознемиреност...”. (Плутарх: “Александар Македонски”, во превод на македонски, Скопје, 1994).

Ова сведоштво се однесува на настанот кога Александар помислил дека животот му е загрозен од неговиот другар Клит со кого се расправале во пијана состојба. Во еден миг Александар помислил дека Клит сака да го нападне, па ги повикал своите телохранители (штитоносци) да го заштитат. Плутарх јасно пишува дека тој нив ги

повикал на македонски јазик.

За да го објасниме значењето на ова сведоштво од Плутарх, потребно е прво да укажеме на неколку моменти. Познато е дека официјален јазик во Македонската империја (па и во војската) за време на македонската доминација бил јазикот коине. Тоа бил мешан јазик, создаден од елементи од извесен број јазици од народите кои биле во Македонската империја. Освен зборови од старогрчките дијалекти (кои притоа доминирале) во јазикот коине имало зборови и од други јазици. Овој јазик Александар го вовел заради практични причини. Веројатно тој бил свесен дека ќе наидел на голем проблем и отпор доколку се обидел сосила да го наметнува на разните народи во својата империја, за нив, не многу познатиот македонс ки јазик.

Мешаниот јазик коине подоцна бил форсиран и од македонските династии, кои останале да владеат со распаднатите делови од Александровата империја, како универзален јазик во земјите со кои владееле, исклучиво заради полесна комуникација помеѓу различните народи. Денес научниците сметаат дека јазикот коине всушност бил еден вид есперанто во тоа време.

Значи Александар со своите војско водители и војска (во која, иако доминирале Македонците, имало и голем број Грци, Тракијци, Евреи и припадници на други народи) официјално комуницирал на јазикот коине. Но, кога во еден миг, помислил дека неговиот живот е во опасност, тој инстинктивно проговорил на својот мајчин јазик, т.е. на јазикот што најпрво го научил во животот и што најдобро го познавал, а тоа бил македонскиот јазик. Ваквото негово реагирање е целосно во склад со човековата психологија и сигурно дека така би реагирале голем број луѓе кога би се нашле во слична состојба. Неговата инстинктивна и миговна реакција, за време на која тој, така да се каже, практично немал време да размислува како да ја склопи реченица та за повикување помош на туѓиот јазик коине, и знаејќи дека неговите телохранители се исто така Македонци (факт е дека Александар во своето нај блиско окружување имал претежно Македонци), е недвосмислен доказ за тоа каков бил неговиот мајчин јазик.

Многу децидно сведоштво за засебноста на античко-македонскиот јазик дал и латинскиот историчар Квинтиј Куртиј Руф (за кого не се знае кога точно живеел - некои сметаат дека живеел пред Христа, а други дека живеел во I век по Христа).

Позната е случката кога било судењето на Македонецот Филота, кој подготвувал заговор за убиство на Александар Македонски. Заговорот бил откриен и Филота бил јавно испрашуван лично од страна на Александар.

Квинтиј Куртиј Руф, опишувајќи ја оваа случка, сосема јасно запишал дека Македонците зборувале на засебен јазик. Тој дури цитира и изјава на самиот Александар Македонски, во која тој, обрнувајќи им се на Македонците во прво лице множина, го споменува (цитат): „мајчиниот и нашиот јазик“. Александар му се обратил на Филота со зборо вите:

“Сега тебе ќе ти судат Македонците. Те прашувам: дали ќе им се обратиш на мајчиниот јазик?”

Филота одговорил одречно, со образложение дека, освен Македонци, имало присутни и припадници од други народи. На тоа, Александар им рекол на присутните Македонци:

“Еве, гледате ли? До таму ли дошол Филота, та да се гнаси од мајчиниот јазик?... Но, нека зборува како што сака, а вие спомнете си дека тој подеднакво се отуѓил и од нашите обичаи и од нашиот јазик“. (Quintus Curtius Rufus, “De Rebus Gestis Alexandri Macedonis”, VI, 10; Квинтиј Куртиј Руф: „Историја на Александар Македонски“, во превод од латински на д-р Љубинка Басотова; Скопје, 1998 година, стр. 272).

Но, Филота не останал рамнодушен на овие обвинувања, па во својот одговор, рекол:

“Мене ми се префрла што одбивам да зборувам на мајчиниот јазик и дека сум се грозел од обичаите на Македонци те. Значи така јас му се заканувам на кралството, што го презирам? Но, уште порано, оној родниот јазик, беше напуштен во општењето со другите народи, па така и победниците и победените требаше да учат еден туѓ, странски јазик.“ (К.К.Руф, цит. дело, стр. 274).

Сепак, во обвинувањата против Филота се вмешал Александровиот војсководец Болон, кој, меѓу другото, го обвинил Филота дека (цитат): „...иако бил Македонец, не се срамувал, преку преведувач, да ги ислушува луѓето што зборувале на неговиот роден јазик“.

И оваа случка е толку јасна во однос на постоењето на засебниот македонски јазик, што никаков коментар не е потребен. Исто така, од овој опис гледаме дека дел од Македонците, заради практични причини (поголема можност за општење со другите народи и сл.), го користеле и туѓиот јазик коине, иако меѓу себе, и натаму си зборувале на мајчиниот македонски јазик.

Гледаме и дека за време на судењето на Филота му било забележано од страна на Александар затоа што не сакал на Македонците да им се обрати на “мајчиниот јазик”.

Филота, пак, го обвинил Александар за воведувањето на јазикот коине, па рекол дека македонскиот јазик одамна бил запос тавен, така што сега и победниците (Македонците) и поразените (Грците, Персијанците и другите народи кои потпаднале под македонска власт)

На ова се вмешал Болон, кој го обвинил Филота дека, иако бил Македонец, додека ја имал власта, комуницирал со Македонците преку преведувачи. Ова е извонредно важно сведоштво и доказ дека во тоа време мнозина Македонци воопшто не го знаеле јазикот коине, па кога сакале некому да му се обратат, тоа го правеле преку преведувачи. Филота, иако го знаел македонскиот јазик, не сакал да ги слуша Македонците на својот јазик, туку инсистирал нив ните зборови нему да му се преведуваат на јазикот коине.

Несфатливо е како потписниците на прогрчки ориентирано то писмо не ги знаат овие елементарни податоци од биографијата на Александар Велики Македонски.

За засебноста на јазикот на античките Македонци постојат и други наративни антички сведоштва, а оваа вистина е прифатена и од современите научници. Само како илустрација наведуваме мапа од книгата “Антички јазици на Европа” (објавена 2008 на универзитетот Кембриџ) на која се прикажани територииите на кои во антиката старогрчкиот бил говорен јазик. Јасно се гледа дека најголем дел од Македонија (со исклучок на не многу населениот полуостров

Халкидик, каде и навистина долго време опстојувале грчки колонии) бил вон грчкото говорно подрачје. Гледаме и дека на оваа мапа македонскиот јазик е претставен како говорен јазик во Македонија во антиката.

Да заклучиме дека јазикот коине и навистина бил лингва франка во Македонската империја, но не затоа што Македонците биле „Грци“, туку за да можат (колку што е тоа можно) преку овој своевиден антички „есперанто“ разните народи во Империјата да комуницираат помеѓу себе.

Прогрчки настроените потписници на ова писмо, можеби случајно, и самите индиректно ја потврдуваат оваа вистина кога го употребиле токму терминот лингва франка. Имено, познато е дека терминот лингва франка доаѓа од италијанскиот јазик и означува трет јазик што се користи заради комуникација на луѓе кои немаат ист мајчин јазик. Тој трет јазик е различен од мајчините јазици на оние кои комуницираат меѓу себе. Штом прогрчки ориентираните потписници на писмото го употребиле токму терминот lingua franca, тие практично тврдат дека Македонците и Грците (но и останатите народи во Македонската империја) меѓу себе не се разбирале на своите мајчини јазици, па за тоа било потребно создавање на трет јазик, а тоа е „заедничкиот“ јазик коине.

Аналогно на ова, дури и да ја прифатиме претпоставката дека античко-македонскиот јазик не постоел во својата писмена форма и дека прв писмен јазик на кој комуницирале античките Македонци бил грчкиот, тоа воопшто не значи дека античките Македонци се Грци. Како прво, наведовме сведоштва, според кои, тие речиси не знаеле ниту збор од говорниот грчки јазик. Како второ, во класичниот период само за Грците и за Римјаните се знае дека со сигурност имале свој писмен јазик. Па, зарем тоа значи дека сите народи што се користеле со нивното писмо и јазик биле Римјани или Грци? Ако гледаме така, испаѓа дека во целата антика постоеле само два народа, а тоа е несериозно и да се помисли. Дури и турко-монгол ските Бугари, по своето доаѓање од Азија на Балканот во VII век, пишувале со грчкото писмо, кое повеќе од век и пол, било официјално писмо во Првото Бугарско ханство/царство. Па, зарем и тие биле Грци? А, што е со останатите тогашни народи: Илирите, Тракијците и други, кои исто така пишувале на грчки? Па и Римјаните до II век пред Христа ги пишувале своите хроники на старогрчките дијалекти. Па, зарем и тие биле Грци се до II век пред Христа, па потоа, наеднаш, да станат Римјани?

Значи, користењето на писмениот старогрчки јазик од страна на античките Македонци, не претставува никаков доказ дека античките Македонци биле Грци. Освен тоа, старогрчкото писмо воопшто не е автентично, туку се знае дека тоа е само прилагодена варијанта на феникиското писмо.

Факт е и дека голем дел од оние ретки натписи во Македонија со старогрчко писмо, се полни со граматички грешки, што може да биде уште еден доказ дека тоа писмо на Македонците им било туѓо.

Впрочем постојат неколку десетици антички автори, кои сосема децидно тврделе дека античките Македонци не биле никакви Грци. Некои од нив се: Аријан, Апијан, Ампелиј, Демостен, Дексип, Дикеарх, Дионисиј Калифонт, Дио Крисостом, Диодор Сицилијанецот, Дио Касиј, Есхин, Зосим, Јосиф Флавиј, Јустин, Квинтиј Куртиј Руф, Кленеј, Клавдијан, Климент Александриски, Корнелиј Непо, Коен, Павсанија, Плутарх, Полибиј, Псевдо Скилакс, Созомен, Страбо, Тразимах, Херодијан и други. Сите тие во своите дела понудиле сосема прецизни податоци според кои античките Македонци биле различен народ од Грците. (Повеќе детаљи за овие сведоштва во книгата „Старо грчки и други антички сведоштва за засебноста на античките Македонци“ од Александар Донски, која набргу треба да излезе од печат).

ПИСМО ОД ОТЕЦ СЕРАФИМ

Почитувани ОМД Глас читатели,

Гаврил Жежовски е роден во Струмица, Македонија, во 1993 година. На 12ти ноември 2010 година, тој доживеа тешка несреќа со оган, што резултираше со 3ет и 4рт степен изгореници на 60% од неговото тело. Во локалната болница мочето беше третирано со некротомија или хирурско остранување на мртвото ткиво, што всушност ја влоши неговата здравствена состојба.

Поради недостатокот на кожа за трансплантација во земјата, Гаврил беше примен во болница во Минхен, Германија, за хируршка интервенција и 60 дневна прехабилитација. Благодарение на Бога и на многу добри луѓе беа собрани 50,000 евра, младиот Гаврил беше транспортиран во болницата во Минхен, на итно лекување. Благодариме на Драгица Казанжиска, која е роднина на Гаврил и исто така медицинска цестра која го направи овозможи пренесувањето на Гаврил и исто така медицинска цестра која го направи овозможи пренесувањето на Гаврил во Германија. Исто така, ја упатуваме нашата искрена глагодарност до д–р Јоханес Рубенбауер, дирктор на одделението за изгоретини и пластична хирургија во болницата Богенхауссен при Техничкиот универзитет во Минхен. Тој прифати да започне со лекувањето на младиот Гаврил, покрај тоа што немавме собрано доволно финанциски средства за поркивање на трошковите за лекување. Но неадекватноста на медиуцинскиот третман во локалната болница цоздадоа дополнителни проблеми за д–р Рубенбауер и за неговиот тим и во однос на лекувањето на Гаврил неорходна и подолга и поска терапија. Иако ние треба да собериме околу 100,000 евра повеќе од веќе сораните средства, би сакале да ве замолииме за парична донација во кој било износ што можете да си дозволите.

Ви благодариме за вашето внимание, и Господ нека ве чува!

Со почит,
Отец Серафим

Следнив фонд е отворен за добротворни донации –
Корисник: Гаврил Жежовски, С. Добрејци, Струмица, Македонија
IBAN: / MK07380577076402233 EUR
SWIFT: PRBUMK22XXX
Банка: ПроКредит Банка, Македонија, *www.pcb.com.mk*

За повеќе информации на македонски jazik, контактирајте го директно Отец Серафим на: otecserafim@yahoo.com; за повеќе информации на англиски јазик, ве молиме контактирајте ја Ирена Гапковска на: gapkovskaart@yahoo.com. Исто така, можете да ја видите минхенска телевизиска епозода за Гаврил на: www.muenchen-tv.de/gesellschaft/Hilfe_fuer_Gavril-7114.html

ИМЕ Е ИМЕ - ДВД ПЛАСИРАЊЕ

Носи порака за поширока публика

од Џејсон Мико

Заеде седум месеци да се направи и вклучи професионалци кои координираа во пет земји на два континенти. Повеќе од 20 часови на дигитална фотографија се преуредија на 48 минути. Американски продуцент, Џејсон Мико, исландски реџисер Сигурјон Еинарсон, британски харатор, Ендру Мошон, македонски тим на талентирани професионалци бклучувајќи ја и 3Х продуцентката куќа, и рокенрол музичари од целиот свет, придонсоа да го стормие тоа. Меѓу нив се вклучени норвжанецот Мортен Харкет, пејачот на рок сензација а–ха, Греам Наш од КСНЈ, исландските бендови Сигур–Рос, Мум и Ерт Афер, од Калифорнија бендод по име Црна Гора и од Македонија Кирил Џајковски и покојниот и голем Тоше Проески. До сега, филмот беше прикажан во 22 града на три континенти.

Фондација "Со Македонија„ е горда да ви го престави Документарниот филм "Име е име„ кој сега е на ДВД. Фондацијата го нуди филмот "Име е име„ прку CreateSpace и Amazon.com, во два формати NTSC–Северна Америка, и PAL–остатокот од светот.

Кога Македонија се подготвува да ја прослави својата 20 годишнина, како модерна, независна држава, ова важно парче сметност, создадено преку меѓународна соработка, ваше е да го видите, и да го сподлите со други. Фондацијата Со Македонија поттикнува поедници и групи на купување на филмот во поголема количина за дистрибуција до политичари и реатори на одлуки од целиот свет – Вашингтон, Отава, Канбера, Лондон, Брисел, Берлин, Париз и во други главни градови. Креаторите на политиката и донесувачите на одлуки во државите треба да го видат овој филм. Исто така добро ви било Вие или Вашата фрупа да празмислите и з донирање на копија од филмот на вашите локални библиотеки или училишта.

Помогнете ни да се рашири зборот за македонскиот народ и нивната борба за да бидат признаени за тоа кои се тие, и исто така за правото на Препублика Македонија на своето име, идентитет, јазик и култура. Помогнете ни да му кажеме на светот дека македонскиот народ е горд, европски народ со долга и уникатна историја и го има секое право за свое име и индтитет, исто како и секој друг народ. Ви благодариме за Вашата порддршка!

To learn more about the film, please vist: *http://www.anameisaname.com/*

To order NTSC Format, please visit: *https://www.createspace.com/298996*

To order PAL Format, please visit: *https://www.createspace.com/296512*

To purchase bulk orders, please email: *jason@withmacedonia.org*

"За помалку од седум години , ОМД има остварено повеќе од било која друга Македонска организација во нашава заедница –прво класна организација- и навистина сум почестена да сум асоцирана со посветени, енергични и страсни индивидуалци од различни возрасти, кој работат секојдневно за да и помогнат на Македонија и Македонската кауза. "

АМБАСАДОР ЉУБИЦА З. АЦЕВСКА:

Назначена за Почесен Претседавач на ОМД ГК2011

Обединета Македонска Дијаспора (ОМД) со задоволство ве известува дека Амбасадорката Љубица З. Ацевска, Првата жена дипломат и Амбасадорка во Соединетите Држави назначена од Македонија, ќе биде Почесен Претседавач на третата по ред ОМД Глобална Конференција, која ќе се одржи во Вашингтон помеѓу 23-25 Јуни 2011. Овогодишната конференција ќе ја означи и прослави дваесет годишната независност на Република Македонија.

Претседателот Киро Глигоров едноставно не би можел да одбере подобар човек за да воспостави дипломатски односи помеѓу Македонија и Соединетите Држави. Должноста на Амбасадорката Ацевска беше основата врз која се овозможи соработката од стратегиско партнерство помеѓу двете држави. "Како резултат на нејзината напорна и важна работа во тоа време, Македонија може да ги нарече Соединетите Држави најдобриот пријател во меѓународната заедница," истакна Претседателот на ОМД, Методија А. Колоски. "Таа помогна да се отворат линиите на комуникација за Македонија, и да е претстави Македонија во најдобро светло во време на најкритичните години од нејзината независност како Нација."

ОМД ГК2011 е крунисаниот настан од ОМД на годината, кој ги присоединува Македонците и нивните пријатели од околу целиот свет. ОМД ГК2010 во Торонто собра повеќе од 1,000 посетители од 20 држави. Конференциите на ОМД имаат привлечено поранешни претседатели на генералното собрание на Обединетите Нации, Министри, Сенатори, Конгресмени, Парламентарци, Извршни Директори и Бизнис Лидери, Амбасадори, Новинари, како и глобални Македонски застапници. ОМД ГК2011 ќе биде надградба на оваа традиција и каде што ќе се подаде факелот на новата генерација на Македонски лидери во време кога сите Македонци работат заедно за да ја оформат иднината на Македонија.

"Чест ми е што бордот на директори на ОМД ми ја подарија оваа прилика на задоволство и почит да бидам Почесен Претседавач на овој прекрасен настан," истакна Амбасадорката Ацевска. "За помалку од седум години , ОМД има остварено повеќе од било која друга Македонска организација во нашава заедница –прво класна организација- и навистина сум почестена да сум асоцирана со посветени, енергични и страсни индивидуалци од различни возрасти, кој работат секојдневно за да и помогнат на Македонија и Македонската кауза. "

"Амбасадорката Ацевска продолжува да биде една од нај квалитетните службеници на Македонија, преку нејзината добротворна акција и патувања таа е носи со себе Македонија, без разлика дали станува збор за престој во Хаити, Африка, или Кина," истакна Колоски. "ОМД не можеше да замисли подобра личност од неа за оваа пригода кога ќе славиме 20 години од независноста на Македонија. Таа е бидена ментор на ОМД од самиот почеток, а ние сме сигурни дека таа ја има страста и посветеноста за да биде прекрасен Почесен Претседавач и со самото тоа придонесувајќи да се издигне профилот на нашиот настан на светската сцена. "

ДУРИ ОД ГРОБОТ, МИРКА ГИНОВА ГО ПОТТИКНУВА ГРЧКИОТ ГНЕВ

Од Воденка

Дали знаевте дека во општината Коридалос, Атина, постои улица која го носи името на Мирка Гинова, Македонската Патриотка? Значи, толку јавен почит бил можен во главниот град на Грција.

Но сепак, кога мнозинството на локалното општинско раководство во Воден се обиде да именува градска улица по името на Мирка, иницијативата беше одбиена.

Легалниот комитет го искористи член 12 од претседателскиот декрет 410/95 (Д.К.К.), за да ја одбие оваа одлука од мнозинството на општинскиот совет на нашиот град. Тие истакнаа, меѓу другото дека: "(Гинова) е контраверзна личност, како што е истакнато во пишан и усен исказ, како и дека личности чие име треба да претставуваат идентитет за градските улици мора да бидат взаемно прифатливи."

Што можеме да кажеме за овој пристап? Што е толку контраверзно во тоа што оваа жена се борела во отпорот за слободата, демократија и еднаквост за сите грчки граѓани? Дали е поради тоа што таа е родена во Македонија? Дали самото тоа треба да го негира нејзиниот обид да биде почестена од Грците и Грција?

Гинова беше убиена бидејќи таа беше Македонски херој, а воедно се бореше заедно со сојузници од Грчко потекло, за еднаквост пред законот, за сите Грчки граѓани, без разлика на нивниот етнички, национален или културен идентитет. Да се крсти име на улица во Воден по жена која беше симбол на отпорот за слободата ќе беше најмал гест на почит кон една храбра личност од страна на сите жители на Воден, без разлика на нивното потекло.

Но за жал, фашистичката идеологија на Метаксас и периодот на меѓу-војна сеуште опстои во нашето градче, и самото тоа ги дели луѓето. Сеуште постојат "оригинални Грци" и "другите", што е името со кое понекогаш не нарекуваат на нас Македонците. Поради тоа што "другите" се познати како луѓе, во најмала рака кој имаат едно сомнително етничко потекло, самото тоа ги прави граѓани од втор ред во својата држава.

Концептот врз кој се тврди дека имињата на улиците мора да бидат "взаемно прифатливи" го покажува огромното лицемерие на некој од жителите на Воден! Мнозинството од општинскиот совет не може да се смета дека ги застапува интересите на граѓаните, но затоа малцинство може да бара взаемно прифатливи имиња за улиците во Воден. Грчкото малцинство треба да ни каже кога некој бил консултиран за тоа колку се взаемно прифатливи другите имиња на градските улици. Некој од овие имиња сами по себе носат чувство на хорор и гадење за Македонците во Воден, имиња како на пример: "Капетан", "Акритас", "Капетан Аграс", "Павлос Мелас", "Критски платеници", и други.

Колку за пример, да речеме дека имињата на овие "Херои" беа одобрени од големиот дел на Воденските граѓани, и би можеле поради тоа да постојат како имиња на улиците. Тогаш, зошто не може да има улици кој ги носат имињата на херои на Македонија? Колку за илустрација, да ги земеме имињата на оние кој се бореа против османлиите за слобода, и беа убиени од истите? Имиња како: Апостол Петков од Боемица (Ахиоуполи Килкис), Гоце Делчев од Кукуш (Килкис), Александар Турунџев од Екшисоу, Лерин (Хино Неро, Флорина), Лазар Поптрајков од Д'мбени, Костур (Дендрокори, Касториа) и многу други. Исто така има и други истакнати личности од Македонско потекло кој можат да бидат почестени за нивните дела. Како на пример, Крсте Мисирков од Постол (Пела).

За спомениците кој се истакнати во градот Воден, уште еднаш има официјална разлика помеѓу прво класни граѓани, и оние "Другите". Еден пример е споменикот подигнат во чест на Грчките бегалци од денешна Турција од кој се населија во Воден после договорот од Лозана во 1922.

Претежно, споменици подигнати на јавно место е за големи личности, или за да не посетат на некој историски настан (победа, за пример).



Но овој споменик беше подигнат бидејќи тоа беше желбата на Воденските жители кој потекнуваат од источниот егејски брег, кој денес се наоѓа во Турција, многу далеку од Македонија. Споменикот е подигнат за да симболизира почит кон нивните предци, но наместо да се подигне ваков споменик во градските гробишта каде што сите Воденски граѓани имаат спомени на нивните починати предци, тие го направија тоа на јавен плоштад.

Јас неможам да разберам како бегалците придонесоа за овој град до толку за да има потреба да се направи таков споменик на јавен простор! Доколку јас сакав да направам споменик на моите Баби и Дедовци на некој од градските јавни површини, дали општинските власти тоа би ми го дозволиле? Мислам дека сигурно не, пошто во тој случај секој би имал исто побарување.

Но... заборавив! Имаат подготвено споменик и за нас, Македонците од Воден, за да не има повод да се буниме: Воденец со магаре и коза! Би сакала да знам, секако, колку "взаемно прифатен" беше овој проект помеѓу граѓаните на Воден.

Воденка користи анонимно име, поради политиката на Грчката власт на систематска дискриминација врз Македонците.

МИРКА ГИНОВА: Маченичка за Македонија

Со документи од Ристо Стефов

Мирка Гинова (Ирини Гинис) е родена во 1916 година во Русилово (Хантогиа), егејска Македонија. Оваа Учителка подоцна ќе стани легендарен борец на слободата за време на Грчката граѓанска војна, како и маченичка, обврзана да постигне културна еднаквост за Македонските жители во Грција.

Во втората светска војна таа се придружи на отпорот против Германско-Бугарската окупација во регионот на Воден (Едеса). Подоцна истата почна да регрутира млади Македонци за левата армија на отпорот ЕЛАС, и се вклучи во партизанскиот напад на германскиот гарнизон кај Острово (Арниса), на втори август 1944.

Од кога Германците конечно се повлекоа, борбата во егејска Македонија продолжи. Грчки монархисти кој беа соучесници на Нацистите, останаа на Власт, продолжувајќи да ги угнетуваат Македонците. Гинова се приклучи на ТОМО, кое подоцна стана познато како НОФ, Национален Ослободувачки Фронт, работејќи против Грчките монархисти за да се одбрани Македонското малцинство во Грција од нивната агресија.

Гинова стана многу позната помеѓу луѓето во регионот на Воден, како една харизматична личност и закоравена патриотка за Македонија. Но кога поранешни војници на ЕЛАС блиски до НОФ, извршија серија на напади врз Грчки монархисти, Гинова беше евентуално заробена и морнично тепана. Потоа беше држена во манастирот викојанево, каде што беше изпрашувана и мачена со денови од страна на монархистичката Грчка полиција. Таа и нејзините придружници беа тепани со задникот на пушка, мавани и тргани за коса, потоа влечкани по улиците на Воден. Гинова беше потоа делумно погребана под земја, и одблиску беше пукано без куршуми, во нејзиното чело, а имаше игли кој беја закоравени под нејзините нокти.

На 23 Јули, 1946, Гинова и уште шест придружници беа преместени во Ениџе Вардар (Гианица). Воен трибунал беше одржан во основно училиште, кое ги осуди зад затворени врати. Тие беа осудени на смрт, обвинети дека биле сепаратисти. За време на нејзиното сведоштво, таа е цитирана како изјавува: "НОФ не е воена, него политичко демократска организација која се бори за еднакви права на Македонците во рамките на Грчката држава. Ние се бориме за слобода и демократија."

Гинова и уште шест други души беа осудени за виновни, а истите по три дена беа усмртени со стрелање, кај гробиштата на Ениџе Вардар. Еден извештај до централата на Грчката армија објавува дека меѓу другото: "Седумте егзекутирани беа во добра состојба и одбија да бидат покриени нивните очи. Најголемата храброст меѓу нив беше покажана од страна на учителката Ирини Гини (Мирка Гинова) која е пееше интернационалната химна извикувајќи слогани на слободата."

Асосиетед Прес напиша: "26ти Јули, Солун. Рано изутринава, егзекуцијата на Ирини Гини и нејзините шест придружници беше извршена. Воен суд во Ениџе Вардар ги осуди за виновни. Гини е првата жена во Грција која била егзекутирана за политички причини."

Анонимно писмо кое било објавено во Грчки весник, е сведок на следново: "Во шест часот утрово, на жалост, Ирини го загуби својот живот. Мојата почит кон вашата ќерка која гледајќи го својот крај со насмевка на лицето пееше храбро изненадувајќи ги сите присутни. Таа беше неверојатно храбра и не покажа никаков страв во лицето на смрта. Истото важеше и за другите шест, но претежно за неја. Не ви пишувам за да и дадам комплимент на вашата ќерка, него за да ја кажам вистината, бидејќи јас бев сведок... "

ПАВЛЕ МАЏИРОВ:

Македонскиот Советник од Дузелдорф

Од Марк Бранов

Лани, еден Германски граѓанин од Македонско потекло, Павле Маџиров, беше избран да го претставува градскиот совет на Дузелдорф, под банерот на владејачките демо-христијани.

МБ: Ве молиме кажетени малку за вашата позадина.

ПМ: Најпрвин студирав образование, но од кога дипломирав, се решив да земам М.А во Европски Политики и меѓу-културни комуникации. Работев во различни компании, а потоа за Амбасади и Државни министерства. По овие искуства, се решив да се навратам на Образовниот сектор, и сега работам како Вице Директор на Средно Образование.

МБ: Што го привлече вашиот интерес кон политичкиот живот, и да се кандидирате на избори?

ПМ: Се кандидирав на изборите за ДХУ Дузелдорф за општинската власт. Дузелдорф е главен град на Нордхеин Вестфален, голем и богат град. Затоа можностите да се креираат проекти се огромни, затоа што градот нема заем и е во можност да инвестира во разни сфери на животот.

МБ: Кој се клучните теми кој вас ве привлекуваат, за кој би се борел, во градскиот совет на Дузелдорф?

ПМ: Главната тема е да опстанеме без заеми,

за да можеме да ги инвестираме нашите пари во проекти како што се новиот Ко-Боген урбанистичко развојна иницијатива, која ќе стани новата знаменитост на градот! Сообраќајот ќе се пренасочи под земја и овој дел ќе стане еден од најубавите урбани места во Германија. Понатаму, мора да овозможиме една добра животна средина каде што ќе можат компаниите да дојдат и да работат во Дузелдорф.

МБ: Што можете да ни кажете за нивото на Германска политичка подршка за Македонија во последно време?

ПМ: Не постои вистинска подршка, поради тоа што Македонската заедница не е добро организирана во политичка смисла. Има неколку организации, но нема значителна подршка меѓу Македонците во Германија за истите. Потребно е оваа слика да се подобри. Без политичко лобирање, не ќе може да се има влијание врз Германската политика на ова поле!

МБ: Ве молам кажетени нешто и за Македонската заедница во околината на Дузелдорф.

ПМ: Има голем клуб кој се нарекува "Гоце Делчев" во Дузелдорф. Јас работам заедно со тој клуб, и успеавне да издејствуваме еден Македонски член на тој клуб, Иљо Скангалов, да биде избран за член на локалната комисија за интеграција во Дузелдорф. Ова беше голем успех кој покажува што е можно, доколку сме обединети.

МБ: Кој се начините на кој што младите Македонци кој живеат во држави на Европската Унија можат да придонесат за Македонската кауза?

ПМ: Македонците во земјите на Европската Унија би требало да се политички активни и организирани. Преку вклучување во политички партии, создавајќи добра слика за Македонија, и борејќи се против лажната слика за Македонија која Грчкото лоби го создава, е се клучно. Ова е начин на активна подршка и единствениот начин да се допре до оние кој носат политички одлуки. Доколку бројката на политички активни Македонци се зголеми, тогаш шансите да се има влијание врз одлуките на политичко ниво ќе бидат многу поголеми.

ПРОНАЈДИ ГИ ТВОИТЕ КОРЕНИ: Археолошка летна школа во Виница

Од Марк Бранов

Од 27ми Јуни до 8ми Јули, 2011, Институтот ЕуроБалкан и музејот Теракота организираат посебна можност за Македонците од дијаспората кој се вљубени во Македонската Историја. Во Виница, Школото на Археолошкиот терен ќе овозможи прилика да се запознаете лично со Македонското богато културно наследство, итовремено стекнувајќи се со практично академско искуство.

Виница се наоѓа во источниот дел на Република Македонија, во кочанската долина, на допир од планината плачковица, и блиску до реката брегалница. Овој регион е населен во континуитет со милениуми. Основниот истражувачки терен на школото ќе биде на Виничкото Кале, место од значителен интерес за археолошките студии од доцно хелинистичкиот период, Римската ера и раната Византиска ера.

Пристап до програмата е отворен за археолози експерти, како и почетници, за кој е предвидена целосна неопходна обука за да можат да земат учество во ископувањето. Обуката ќе се состои од основно запознавање за правилни методи во ископување, стратиграфија и хронологија, како и состаноци со професионални класични археолози. Модулите ќе се состојат од: теренска работа, теренски обука, образовни часови, а исто така се планираат екскурзии на две други многу важни локалитети, античкиот Римски град Стоби, како и средновековните локалитети во

Охридскиот регион. Сите учесници ќе добијат детален примерок пред да пристигнат, кој врши преглед врз неолитското, енеолитското, бронзеното, железното, рано античко, римско, доцно античко како и средновековното време во регионот околу реката Брегалница.

Јулијана Иванова, Директорка на Виничкиот Музеј, истакнува: "Нови археолошки откритија ќе бидат од огромно значење во откривањето на историјата на овој регион, особено за периодот пред Римската ера. Материјален доказ од праисториска и рано античкиот период се ретки, но во многу случај се пронајдува по грешка, додека се копа теренот."

За повеќе информации ве молиме пишете на: muzejterakota@yahoo.com



2010 БИТОВ СТИПЕНДИЈА:

Инвестирајќи во нашата иднина слики од Роберт Стаменков Фотографи

Left to right: Tom Bitove, Alexander Karapancev, Biljana Markovska, Alexandra Close, and Vonna Bitove.

Април 11, 2011 – Торонто, Канада – Во недела, Април 10, 2011 Обединетата Македонска Дијаспора (ОМД) ги награди на три млади Канадски Македонци со нивниот 2010 Џон Л.Н. Битов , С.М. Македонско наследство стипендија ("Bitove Scholarship"). Наградата, во износ од по $2,000, беше претставена до Александра Клос, Александар Карапанчев, и Билјана Марковска за време на церемонијата во катедралата на Македонската црква Свети Климент Охридски во Торонто, Канада во присуство на нивни семејни членови, пријатели и подржувачи на ОМД.

Џон Л.Н Битов, С.М. Македонска Стипендија на наследство, од ОМД, именувано по проминентниот Филантроп и столб на глобалната Македонска заедница, Џон Л.Н.Битов, С.М., беше воспоставено за да им се помогне на Македонците кој се запишуваат на факултет за да се стекнат со диплома во Австралија, Канада, Европа, и Соединетите Американски Држави. Целта е да им се помогне во образованието на млади Македонци кој се водени од вредностите на нивното Македонско воспитување и наследство. Фондацијата Битов го награди ОМД со $50,000 за активностите на стипендиската програма, а финансиските средства ќе бидат дистрибутирани во периодот на следните неколку години.

"Фондацијата Битов е многу среќна што е во партнерство со ОМД и што е дел од оваа прославна сесија на предавањето на Стипендиите. Овие достојни студенти се пример за мандатот на фондацијата Битов, за да се охрабрува зачувувањето на Македонските културни корени. Фамилијата Битови емигрираше во Канада пред скоро 100 години, и се надеваме дека ќе поттикнеме многу други генерации да се гордеат со Македонија," кажа Вона Битов, ќерката на Господинот Џон Л.Н. Битов, С.М. по презентацијата на наградите. Госпоѓа Битов, заедно со нејзините браќа Господин Томас Битов и Ник Битов, ја претставуваа фамилијата Битови на церемонијата.

Уредникот на ОМД Глас, Марк Бранов ги најавуваше гостите и го покани генералниот конзул на Македонија за Торонто, Господин Драган Ѓурчевски, кој му честита на добитниците на оваа стипендија. ОМД е благодарна што генералниот конзул Ѓурчевски беше во можност да присуствува на овој настан. "Им честитам на Александра, Александар, и на Билјана како и на нивните семејства, што израснаа горди, млади Канадски Македонци," истакна Директорот на ОМД за Канада, Џим Даикос. "Нека нивната иднина биде светла како ѕвезда."

Добитниците на Македонската Стипендија, Џон Л.Н Битов, С.М:

Александра Клос,
Родена и израсната во Канада, Александра Клосе е многу горда на нејзиното етничко Македонско потекло. Алекс, како што милува да е нарекуваат, е ќерка на Мајкл Клос, познат интернационален уметник, дизајнер и глумец, како и на Менка Клос, уметнички Историчар, археолог, куратор и едукатор. Алекс беше надарена студентка од поодамна, која се фокусирала на креативната работа од времето кога почнала прв пат да држи молив. Таа има освоено голем број на академски награди, а има победено и многу интернационални награди за нејзината уметност од држави како Русија, Кина, Португалија, Македонија, Словенија, Турција и Грција. Моментално, таа привршува со програмата за Надарени студенти на Визуални уметности во Онил С.В.И во Ошава, Канада. Алекс уште сега е примена во Јорк Универзитетот како и Риерсон, а исто така чека да биде примена од Парсонс Дезајн Школото во Њу Јорк. Таа Планира да магистрира по Моден Дизајн.

Александар Карапанчев,
Роден во Торонто, Александар Карапанчев е млад Канадски Македонец, горд на своето потекло. Моментално тој е во својата втора година, каде што студира Политички Науки во Универзитетот на Западен Онтарио. Александар е член на Општеството за Пред-Правни (Pre-Law Society) а истиот има желба да продолжи со студии по Право од кога ќе Дипломира. На Факултет, Александар е член на многу клубови и асоцијации како на пример: Конзервативите од УЗО, Коалицијата за демократија на кампусот, а воедно е и горд член на Ламбда Чи-Алфа Фратернити (братсво). Надвор од Универзитетот, Александар е член на Институтот Фрасер- Рисерч Серкал (Круг за Истражување) како и Канадскиот Интернационал Совет. Александар е исто така многу инволвиран во Македонската заедница, Неодамна оформувајќи Македонски клуб во неговиот Универзитет. Тој исто така одржа говор на втората глобална конференција на ОМД во Јуни 2010 година, посветен на младинскиот активизам.

Билјана Марковска
Родена и израсната во Канада, Билјана Марковска е горда со своето Македонско потекло, таа е почестена со тоа што може да го негува и споделува со други Канаѓани нејзиното потекло и богатата Македонска култура. Билјана е во втора година на Универзитетот Јорк, изучува дипломски студии по наука на кинезиологија како и здравствена наука. Таа е провинцијална Гимнастичарка како и тренер по уметничка гимнастика, каде што има освоено прво место шампион на 25тиот настан Гимнастика на Онтарио по покана во 2005 година. Билјана е исто така тутор по Англиски и Математика, а воедно беше учесничка во нејзината средношколска Атлетичка и теренска екипа како и во фудбалската екипа. Таа има освоено златна награда за најдобра кореографија на подот од 2005та до 2008ма година со Гимнастика Онтарио. Горда на нејзиното Македонско потекло, Билјана е играорка во фолклорната група на нејзината заедница дури од 1995та година, како и натпреварувачка гимнастичарка со Канадско-Македонскиот олимписки клуб. Во 2008 година таа волонтира во конститутивната канцеларија на Луи Темелковски, првиот Македонец кој е избран за пратеник во Канадскиот парламент, а воедно е и првиот надвор од Македонија. Во 2009, Билјана беше победничка на натпреварувањето Мис Обединети Македонци.

ОМД ПЕРТ: Фестивал на храната, со огромен успех

Во петок 8ми Април 2011, за прв пат во Австралија, ОМД организираше фестивал на македонската храна во градот Перт. Настанот се одржа на универзитетот Едит Кован во кампусот на Џундалап, каде што се прокламира македонската култура преку нејзините превкусни прехранбени специјалитети кој ги вкусија студентите и посетителите од различно потекло.

Фестивалот на македонската храна беше посетен од над илјада студенти и гости, вклучувајќи ги специјалните гости како што се Претседавачот на Западно Австралиската-Македонска Парламентарна група за пријателство, Западно Австралиски пратеник од Либералите, Господинот Тони Крстиќевиќ кој воедно присуствуваше на настанот со уште неколку локални политичари како и дипломатски претставници на неколку држави.

Регионалниот Претставник на ОМД за Перт и Западна Австралија, Господинот Даме Крцоски, на јавен говор пред присутните истакна: "Целта на ОМД е да се промовира Македонската култура, да се негува и да се сподели со другите. Македонскиот фестивал на храната го направи токму тоа, присоединувајќи ги луѓето од различни нации на ова едно место."

Во говор даден за весникот Џундалап Тајмс, Благајникот на ОМД Австралија, Господинот Роберт Пасквале додаде дека: "Македонската култура во многу случај се поистоветува со други култури од регионот, затоа сметавне дека ова е прекрасна прилика да ја промовираме нашата држава на начин на кој што луѓето можат најдобро да ја ценат – со нивните рецептори за вкус!"

И додека присутните уживаа во прекрасните деликатеси, исто така во опсег беше пуштен "PowerPoint" презентација која на посетителите му даваше информации за Македонија, како и за ОМД.

ЈОВИЦА ПАЛАШЕВСКИ ЈА ПРЕТСТАВУВА МАКЕДОНИЈА ВО "ВЕТРОВИОТ ГРАД"

Од Борис Патаров

Чикаго е еден од најголемите градови во САД со близу 10 милиони жители во неговата поширока околија. Познат е како еден најважните индустриски и трговски центри во светот и е политичко упориште на Демократската парија како и на администрацијата на сегашниот претседател Барак Обама.

ОМД Глас имаше можност да се сретне со конзулот на Република Македонија во Чигаго, Јовица Палашевски.

БП. Господине Палашевски, дали можете да ни кажете во кратки црти, нешто за вас и вашата кариера, и како би ја опишале оваа можност да сте прв македонски конзул во Чикаго?

ЈП. Најпрво би сакал да се претставам во кратки црти за оние кои немале шанса во изминатиот период да се сретнат со мене. Роден сум на 20 јануари 1978 година во Битола, или градот на конзулите, каде ги поминав првите 17 години од својот живот. Во 1995 година за прв пат допатував во САД во сојузната држава Висконсин каде во 1996 година го завршив моето средно образование. Оттука се упатив на студии во Београд каде ги завршив првите две години од моето студирање, за да целосно го завршам студирањето американско-францускиот универзитет за бизнис менаџмент во Париз, Франција. По завршувањето на студиите се вратив во РМ каде ги завршив постдипломските студии по меѓународна економија на Економскиот институт – Скопје, а воедно започнав со работа во Министерството за животна средина. Еден поголем период од мојата кариера бев дел од стартниот тим во Секретаријатот за европски прашања во Владата на Република Македонија, односно тимот кој ги поставуваше темелите на евро-интерграциите на РМ во ЕУ. Потоа бев дел од меѓународниот сектор во Министерство за земјоделство и шумарство од каде бев преминав во Министерство за надворешни работи во Кабинет на министерот Милошоски. По извесен период бев упатен на позицијата прв секретар во нашата Мисија при ЕУ во Брисел. По враќањето од Брисел ја извршував функцијата Раководител на секторот за економска дипломатија, сектор во кој се спроведуваа дел од приоритетите на Владата на Република Македонија во делот на привлекување на странски инвестиции и зголемување на македонскиот извоз.Во јуни 2008 година бев именуван од страна на Владата на Република Македонија за Генерален конзул, а во Чикаго допатував на 1-ви септември 2008 година, за да официјално Генералниот конзулат на Република Македонија во Чикаго беше внесен во регистарот на US Department of State на 23.09.2008 година. Поставувањето на темелите на првиот Генерален конзулат во Чикаго не претставуваше лесна задача, но желбата, мотивот и добиената доверба од страна на Премиерот Груевски и Министерот за надворешни работи Милошоски доста ми помогнаа во совладувањето на секојдневните предизвици. Денес, можеме гордо да кажеме дека Македонија има свое конзуларно претставништво во срцето на Чикаго, кое овозможува одлична промоција за нашата сакана татковина, но воедно и претставништво до кое можат да се обратат сите македонски граѓани кои живеат во САД и ги побараат услугите кои ги нуди Генералниот конзулат. Чикаго претставува стратешка локација не само за Република Македонија туку и за 83 земји кои имаат свои дипломатски претставништва во оваа метропола. Овој град покрај тоа што неколку години по ред е избиран за најголем трговски центар во САД, од минатата година е и центар на САД политика, односно со доаѓањето на Барак Обама за Претседател на САД голем дел од неговиот тим се политичари од Илиноис односно Чикаго. Чикаго плени и со големата понуда во делот на култура, наука и образование, кое дополнително ја зголемува атрактивноста на овој град за промоција на една земја.

БП. Каков е вашиот однос со Обединета Македонска Дијаспора и дијаспората воопшто, и дали таа допринесе да се отвори конзулат во Чикаго? Како би го опишале одѕивот на овој потег до сега?

ЈП. Секако дека допринесе и дијаспората во самото отварање на ГК на РМ во Чикаго. Веднаш по моето доаѓање ги воспоставив првите контакти со нашата дијаспора во Илиноис, Индијана и Калифорнија. Наидов на гостопримство и соработката не беше тешко да се воспостави. На некој начин сите беа радосни што за прв пат ќе имаат македонски конзулат во Чикаго. Не би сакал да споменувам имиња на поединци кои допринеле во отворањето на ГК, но и во промоцијата на РМ во овој регион од причина што листата е голема и неможам да си дозволам да пропуштам некого. Исто така, во оваа прилика би сакал да напоменам дека ГК на РМ во Чикаго е секогаш отворен за соработка со нашата дијаспора.

БП. Кои се приоритетите на Конзулатот во Чикаго за следните неколку години?

ЈП. Приоритетите во дејствувањето на Генералниот конзулат на РМ во Чикаго од аспект на временскиот период во следните неколку години можат да се поделат на пет дела и тоа: презентирање на македонската култура во САД, економска дипломатија, проширување на соработката со дијаспората, воспоставување на соработка помеѓу универзитети од САД и РМ, како и политички активности во координација со нашата Амбасада во Вашингтон.

БП. Како ќе го опишете значењето на последниот попис на населението за македонците во САД?

ЈП. Последниот попис во 2010 беше од огромно значење. Ова беше можност за секој македонец да го истакне својот национален идентитет. Пописот во САД мора да се спроведува на секои десет години како што тоа го наведува американскиот устав. Во последните десет

години деморафијата на населението доживеа значителни промени. Имиграционата политика на оваа држава, како што може да забележите во последниве неколку години, е насочена кон оној дел на светот од каде што доаѓаме ние, и како резултат на тоа бројот на македонци во САД е во пораст. Тоа што е важно за нас како народност во САД е да постигнуваме добри бројки на идните пописи и со тоа да дадеме тежина и влијание врз билатералните и меѓународните односи на Македонија со САД а со тоа и да ги напредуваме односите меѓу двете земји. Генералниот Конзулат во Чикаго во кооринација со Амбасадата на Република Македонија во Вашингтон и останатите Конзулати во Детроит и Њу Јорк беа активно посветени во оваа акција со цел да се даде реална слика за бројот на македонската дијаспора.

БП: Како ќе го опишете вашето присуство и на кој начин ги афирмирате нашите политички и економски интереси?

ЈП.Иако сум присутен во Чикаго краток временски период успеав активно да се вклучам во повеќето престижни економски и политички клубови во Чикаго како на пр. Economic Club of Chicago, Executive Club of Chicago, Union League Club, Chicago Council on Global Affairs, Rotary Club преку кои имам шанса за презентирање на Македонија, но во исто време и воспоставување на контакти со влијателни личности во американското општество. Во однос на културното презентирање на Македонија соработуваме со градот Чикаго, но и со останатите културни институции и здруженија присутни во јурисдикцијата на ГК на РМ во Чикаго.

ВП. Кои се некои од услугите што конзулатот ги нуди за македонските граѓани?

ЈП. Една од услугите кои ги нуди ГК на РМ во Чикаго е можноста за вадење на нов – биометриски пасош за државјаните на РМ кои живеат во САД. Во моментов се прибираат податоциза заинтересираните,а реализацијата, односно доаѓањето на мобилните екипи ќе биде во почетокот на 2011 година.

БП. Како ќе ја опишете соработката со Обединета Македонска Дијаспора и останатите македонски организации во Америка?

ЈП. Соработката е на одлично ниво. Исто така сакам да ја истакнам длабоката соработка со ОМД. Имаме работено на повеќе проекти заедно како што се: орварањето на документарниот

филм “Име си е Име“ во Чикаго за што имаше добар одзив. Концертот на Симон Трпчевски исто така беше организиран и финансиран од нив. Се надевам дека ќе има многу вакви слични проекти за меѓусебна соработка и во иднина.

ВП. Знаеме дека една нација е пропознатлива по нејзината традиција и култура. Дали во својата агенда имате присутен план за поинтензивно презентирање на македонската култура и традиција во американското општество?

ЈП. Во однос на културата и културните активности можам да истакнам дека ја користиме секоја прилика да ја презентираме нашата богата Македонска култура. Од постоењето на ГК на РМ во Чикаго беа одржани бројни културни настани но ќе ги издвојам неколку: премиерно прикажување на филмот “Name is a Name”, два концерти на Симон Трпчевски во Лос Анџелес и Чикаго, потоа ја презентиравме Македонија на Navy Pier година каде имавме штанд со македонска кујна, народни носии и инструменти, рекламни материјали, проекција на спотот Macedonia Timeless, како и презентација на нашата македонска музика. Ова е втора година по ред како поставуваме Македонска елка на Winter Wonder Fest, кој трае еден месец и ќе биде посетен од околу 4 милиони посетители. Зедовме и учество на Балканскиот фестивал каде беше презентиран нашиот богат Македонски фолклор. Исто така, наредната година планираме и проекција на неколку македонски филмови, односно учество на филмски фестивали.

ВП. Сите сме сведоци на економската ретракција која што се случува низ светот и САД. Во овие денови на несигурност, како планирате да ја ставите Македонија на меѓународната економска карта?

ЈП. Економската промоција е секојдневна обврска, односно како што напомнав претходно преку членството во бизнис клубовите и преку нивните членови секојдневно одржувам средби каде ги презентирам можностите кои ги нуди ВРМ за странските инвеститори. Исто така, на 25 февруари 2010 беше одржан вториот бизнис форум кој беа презентирани погодностите за инвестирање во РМ. Во средината на април 2010 година, РМ заедно со земјите од Југоисточна Европа (Хрватска, БиХ, Србија, Романија, Турција) се одржа бизнис форум на кој ги претставиме погодностите за инвестирање во нашиот регион и ќе испратиме порака до САД бизнисмените дека доаѓаме од бизнис регион, а не од конфликтен регион како што е познат во САД. Во октомври одржавме бизнис форум во Минеаполис – Минестота заедно со други 20 држави на кој ја претставивме Македонија како атрактивна локација за инвестиции. Планирам во 2001 годината да се одржат бројни бизнис форум од кој еден би бил и на западниот брег од САД, ЛА или Сан Франциско.

МАКЕДОНСКИТЕ ЦРКВИ ЗА ВРЕМЕ НА ОТОМАНСКОТО ИМПЕРИЈА

Од Горан Стојанов

Свети Јован Канео Црква, Охрид, Македонија, 13ти век

За Отоманската империја навикнати сме да размислуваме како за брутален окупатор. Администрацијата на империјата, меѓутоа, била исклучително ефикасна и прагматична. Општеството било поделено на верско-национални подгрупи наречени милети. Освен најбројниот исламски милет и вториот по големина православен христијански милет (наречен румели, односно римски) признаени биле и грегоријанско-ерменскиот, еврејскиот, протестантскиот и католичкиот милет. Во рамките на секој милет империјата дозволувала целосна верска и просветна автономија. Милетите имале своја засебна администрација и имале право и обврска да собираат данок, а за возврат да го организираат верскиот, кулурниот и просветниот живот на населението. Поглавар, или милет баша, на православниот милет бил Патријархот во Цариград.

Во почетокот на деветнаесеттиот век се случиле социјални реформи во Отоманската империја кои им овозможиле поголема социјална и економска подвижност на христијаните од Балканот и релативно брзо довеле до создавање на слој од богати занаетчии и трговци. После ослободувањето на Романија, Србија и Грција, тие на своите територии организирале автокефални национални православни цркви, независни од цариградскиот Патријарх. Македонците, Бугарите и православните Албанци останале под патријаршиска управа, но од средината на деветнаесеттиот век започнале борба за свои национални автокефални цркви. Под влијание на Русија, на 28 февруари 1870 година Султанот издал ферман со кој го дозволил формирањето на бугарската Егзархија и распишал референдуми низ сите епархии според кои христијанското население можело со дво-третинско мнозинство да премине од патријаршиска во егзархиска управа.

Христијаните од Бугарија брзо се приклучиле кон Егзархијата, но во Македонија избила вистинска пропагандна војна меѓу приврзаниците на Патријаршијата и на новосоздадената Егзархија. Патријархот ја прогласил Егзархијата за шизматичка црква и ги анатемирал сите нејзини приврзаници. Се прочуле гласини дека Егзархијата ќе се откаже од јужна Македонија за да издејствува признавање од Патријархот. Соочено со опасноста од црковно-просветна поделба на Македонија, свештенството, најпрво од југоисточна Македонија, а потоа и во другите делови, почнало да води преговори за возобновување на Охридската Архиепископија, како македонска црква, под заштита на Папата.

За ова дознаваме од писмата на Петко Славејков, познат бугарски преродбеник, испратен од Егзархот во разузнавачка мисија во Македонија во јануари 1874 година. Тој најпрво го објаснува незадоволството на македонското свештенство со разрешувањето на црковното прашање само во полза на Бугарите. Потоа додава: „Тоа незадоволство лесно се претворило во недоверба спрема дејците на преродбата и родило во тукашните патриоти погубна мисла да дејствуваат самостојно, да го користат месното македонско наречје во училиштата и да создадат посебно македонско свештенство... На чело на движењето стои Кукуш, потпомогнат од досега задреманиот

Папа Лео 7ми

Дојран, а во него јавно учествува и Струмица со Малешевијата и Воден. Веднаш по нив се солунските, сереските, драмските и мелничките села... Сите други македонски епархии ќе им се придружат, на чело со велешката. “

Предупредени од Славејков, бугарскиот Егзарх и рускиот конзул во Цариград превзеле

редица мерки да го спречат движењето. Целата афера се завршила со ставање на Вардарска и Пиринска Македонија под бугарска-егзархиска црковна и просветна управа, додека Егејска Македонија во најголем дел останала под патријаршиска црковна управа. Таа поделба поставила основи за подоцнежните пропагандни, а после Балканските војни и територијални поделби на Македонија

Следен обид за воспоставување на самостојна македонска црква направил скопскиот митрополит Теодосиј. Роден во сереското село Трлис во 1846 година, за митрополит на скопската епархија бил поставен во 1885 година. Во својата епархија веднаш направил верско-просветна реформа и бугарскиот јазик го заменил со македонски, издавајќи посебни свидетелства на македонски јазик. После неуспешните тајни преговори со Патријархот за воспоставување на автокефална македонска црква која би ги опфатила сите македонски епархии, на 4ти декември 1891 година му напишал писмо на папата Лав XIII, кое овде го пренесуваме во целост:

„До светиот отец, папата Лав XIII од Рим,

Јас, долупотпишаниот митрополит скопски Теодосиј, по божја милост поглавар на скопската епархија, Ви го испраќам ова барање од име мое и од име на целото православно стадо на Македонија, со кое Ве молиме ваша Светост да не земете под заштита под крилото на Римската Католичка Црква, и да ни помогнете да ја возобновиме древната Охридска Архиепископија, незаконски укината од султанот Мустафа III во 1767, и да ја прифатите во канонско единство со Римската Католичка Црква. Нашата желба произлегува од историското права на православниот македонски народ да живее слободно од туѓи цркви: бугарската Егзархија и цариградската Патријаршија, и да биде обединет во своја сопствена православна црква, која ќе му служи на народот и ќе му овозможи независен духовен, културен и образовен живот и развој. Ваша светост, Ве молам да ги земете предвид специфичните одлики на православната вера, од која православниот народ нема да се откаже, а тоа се независност во однос на обредите, црковните служби и свештеничките одори.“

Потоа ги навел следните услови за стапување во унија:

„Во мое име и во име на моето македонско

Метрополит Теодосиј

Султан Мустафа 3ти

стадо, јас Теодосиј, долупотпишаниот митрополит на Скопје, ги поставувам следните услови за премин во унија и канонско единство на православното стадо на Македонија со Римската Католичка Црква:

1. Да се обнови Охридската Архиепископија која ќе биде во канонско единство со Римската Католичка Црква, со благослов на Светиот Отец.

2. Јас Теодосиј да бидам назначен за поглавар на обновената Охридска Архиепископија,како автокефална македонска црква.

3. Сите високи свештеници (митрополити, монашки и световни свештеници) да бидат родени во Македонија и назначени од мене како Архиепископ, додека назначувањето на митрополитите може да биде потврдено од Вашата Светост.

4. Границите на Архиепископијата да се поклопуваат со денешните граници на Македонија (се мисли на целата територија на Македонија), а поделбата на епархии да остане како што е сега.

5. Старите унијати од Кукушко-Полјанската и Струмичката епархија да бидат изземени од јурисдикција од Унијатскиот Архиепископ во Цариград, неговата светост Нил Изворов, и да бидат приклучени во епархиите под моја јурисдикција.

6. Да не се испраќаат нови католички мисионери, освен тие што се веќе вклучени во образовните и добротворните институции во Македонија, а тие да не се мешаат во внатрешните црковни и образовни работи на Архиепископијата.

Такви се нашите барања и ние веруваме дека се праведни и од нив не можеме да направиме никакви отстапки. Се надеваме дека ќе бидат прифатени и почитувани во сите времиња.“

Од канцеларијата на Папата подготвиле потврден одговор, но решиле да почекаат извесно време додека да го „проучат прашањето поподробно“. Во меѓувреме веста стигнала до бугарскиот Егзарх кој, со помош на отоманските власти, го расчинил Теодосиј и го испратил во заточеништво во еден манастир близу до Софија.

Прв црковно-народен собир на кој повторно било побарано возобновување на Охридската Архиепископија се одржал близу до Охрид во 1943 година, а во 1945 година бил формиран народно-црковен синод кој усвоил резолуција за возобновување на Охридската Архиепископија како Македонска Православна Црква. Таа резолуција отпрво била одбиена од Српската Православна Црква, но подоцна во 1959 година, Српската Православна Црква се согласила со возобновувањето на Охридската Архиепископија, како автономна црква во канонско единство со Српската Црква. Осум години подоцна, на двеста годишнината од укинувањето на Охридската Архиепископија во 1967, на црковно-народен собир, Македонската Православна Црква прогласила целосна автокефалност.

АМЕРИКАНСКО-МАКЕДОНСКА СОРАБОТКА ВО ВИТАЛНАТА ОБЛАСТ НА РАКОВОДЕЊЕТО СО ВОДЕНИ РЕСУРСИ

Од Марк Бранов

Водата е незаменлив природен извор за секоја нација и има сериозни политички резултати. На почетокотна 2011 претставници од македонското министерство за животна средина имаа турнеја низ САД по покана на американскиот стејт департмент. Целта на оваа посета беше да бидат понудени вредни сугестии за ефективноста на раководењето со водни ресурси и новите технологии во врска со тоа.

Каја Шукова од министерството за животна средина и урбано планирање, Илбер Мирта од министерството за земјоделие, шуми и водостопанство, Жарко Ераковиќ од Комуналец-Гевгелија, Горан Гавриловски од Водовор-Куманово и Ромео Ивановски, беа поканети преку стејт департментот да учествуваат во програмата создадена од Меѓународниот Центар-Меридијан посветена на Меѓународен Собир за Лидери.

Турнејата започна од Вашингтон, Област Колумбија и Балтимор, каде групите имаа состанок со разни федерални и државни агенции коишто имаат директни допирни точки со водостопанисувањето, како: комитетот за геолошки студии на САД, сенаторскиот комитет за енергија и природни богатства, подкомитетот за вода и струја, одранбениот претставнички сојуз за природни богатства, комитетот од сојузни држави за реката Потомак, и разни други соодветни тела.

Калифорнија располага со најголемиот плански законик за вода поради густо населениот јужен дел на државата, кој е зависен од природните богатства на северниот дел како и други сојузни држави на САД. Во Сан Франциско делегацијата имаше состаноци со вработени во одделот за водни ресурси на Калифорнија, комисијата за енергија на истата сојузна држава, одделот за земја и други владини агенции. Приватниот невладиниот сектор исто така беа застапени од страна на коалицијата за праведност за водни и природните богатства, бирото за фарми на калифорнија и стратешката група за заштита на природата.

Стопанисувањето со вода во Санта Фе, Њу Мексико, е соочено со сува клима и ниски количества на вода во однос на бројот на население. Во просториите на државата Њу Мексико гистите имаа можност да научат како ефективно се стопанисува со водата и како може да биде унапредена соработката помеѓу разните владини структури. Состаноците беа одржани

заедно со одделот за водостопанисување на Санта Фе, бирото за инжинеринг на Њу Мексико, геолошкиот истражувачки институт на САД и други владини тела како и приватни компании од водниот сектор на Њу Мексико кои спроведуваат технологија за третирање на водата во стотици заедници низ Америка и повеќе од 30 други области. Образовната посета на Сан Илдефонсо Пуебло ги информираше гостите околу водните предизвици од гледна точна на Домородното американско население во тој дел.

Конечно Луисвил, Кентаки се покажа како интересна појдовна точка за водно стопанисување и алокација поради местоположбата на главниот извор на вода кој доаѓа од реката Охајо, што е слично со улогата која ја игра реката Вардар во Македонија. Квалитетот на водата и нејзината употреба беа разгледани и бројни состаноци беа воспоставени со разни јавни и приватни организации кои работат на прашањата поврзани со водното стопанисување и речните богатства, како што се компанијата за водостопанисување- Луисвиле, комисијата за санирање на реката Охајо, американската организација на воени инжинери и останати институции и организации од таа област.

WIMPY'S®
diner

There's no place finer than Wimpy's Diner

www.wimpysdiner.ca
For franchise info call 1-888-594-6797

ОМД ИМ ПОМАГА НА БАБА И ДЕДО ВО МАКЕДОНИЈА

Од Ана Булинг, помошник на ОМД за комуникации и јавни односи

Секоја година ОМД организира донации од дијаспората наменети за Македонија. Оваа година ОМД им посветува внимание на постарите лица кои живеат во пензионерски домови во Македонија. За време на празниците благодарение на донациите дадени од нашите љубезни сонародници од дијаспората, ОМД успеа да собере 2500 долари на кои им беа додани уште толку од страна на фондот за добротворни акции на ОМД, вкупно збирајќи 5000 долари во оваа акција.

Од 7 до 8 Март, 2011, ОМД донираше пижами, чорапи и џемпери за постарите лица во домот Киро Крстевски Платник во Прилеп и во домот Мајка Тереза во Скопје. ОМД исто така успеа да обезбеди машина за перење алишта во домот за стари лица во Куманово. По заслуга на партнерот на ОМД, Конект од Македонија, оваа акција беше реализирана преку нивната логистичка и превозна поддршка.

“И порано сме координирале донации посветени на една подзаборавена група луѓе-постарите и изнемоштените,“ изјави членот на одборот на ОМД одговорен за координирање на добротворни акции, Александра Трпковска. “Не има многу во дијаспората кои имаме баби и дедовци во Македонија. Некои од нив живеат заедно со своите семејства но некои живет во домови за стари лица. Сакавме да подадеме рака на оние кои не се меѓу своите семејства за време на празниците и со тоа сакавме да ги потсетиме дека некој мисли на нив. Ти се сепак се нечиви Баба и Дедо.“

Испратете ни ги вашите идеи за добротворни проекти на charity@umdiaspora.org

UMD Global CONFERENCE 2011

United Macedonian Diaspora
Third Global Conference
Washington, D.C.
June 23-25, 2011

ADVERTISEMENT ORDER FORM

Reserve your AD today for the UMD Global Conference Commemorative Journal.
Please fax this form to (202) 756-7323, or mail to the address below.

☐ **$1,000**
Full Page, 7.75" x 10.25", Color

☐ **$750**
Full Page, 7.75" x 10.25", Black and White

☐ **$500**
Half Page, 7.75" x 5", Black and White

☐ **$250**
Quarter Page, 3.75" x 5.125", Black and White

☐ **$100**
Business Card, 3.875" x 2.5", Black and White

☐ **$50**
One (1) Line Name Recognition

In order to secure space for your AD, fill out the form below and send with full payment no later than May 23, 2011.

We encourage a high-resolution PDF or EPS files with all fonts converted to outlines.
If you need help designing your ad, there will be an extra charge per hour.
Send final artwork to **Mila Manevska** at **marketing@UMDGlobalConference.org**

$_____ Total Amount ☐ Credit card ☐Check enclosed (Please make checks payable to: **UNITED MACEDONIAN DIASPORA**)

PLEASE PRINT CLEARLY

Contact Name: _____ Title: _____

Company Name: _____

Address: _____

City: _____ State/Prov:-_____ ZIP: _____

Country: _____ Phone #: _____ Fax #: _____

☐ **American Express** ☐ **Visa** ☐ **MasterCard**

Credit Card #: _____ Exp:____/____ CSV*:____ Signature: _____

Name on Card: _____ E-mail: _____

Authorized Signature: _____ Date: _____

*3 digits in signature strip on back of card to the right of the (partial) card number. (For Amex, it is 4 non-raised digits on the front.)

МОЖНОСТИ ЗА СПОНЗОРИРАЊЕ

Вашето спонзорирање на третата годишна Глобална Конференција на Обединетата Македонска Дијаспора во хотеот J.W. Marriott во срцето на Вашингтон, нуди можности за рекламирање, брендирање, стекнување професионални контакти и стекнување знаење и информации. На Конференцијата и претходи глобално промовирање и можност да се огласите пред разновидна публика.

Преку оваа конференција, ОМД создава прилика вашиот бизнис да допре до Македонските заедници низ светот и до сите останати луѓе и фирми кои се дел од тие заедници. За вашиот бизнис тоа ќе значи промовирање меѓу политички, трговски и јавни лица кои ќе гостуваат на нашата конференција, која претставува одличен простор да ја подобрите вашата препознатливост.

На Конференцијата ќе можете да:

- Го информирате пазарот за вашиот бизнис
- Стекнете врски
- Изградите препознатливост за вашите производи/услуги
- Воспоставите нови маркетингшки партнерства

Услови и правила на спонзорството:

- Спонзорот се согласува да плати депозит од 50 отсто во рок од 10 дена по потпишување на договорот
- Спонзорот се согласува да го плати целиот износ до 23 Мај, 2011. Неплаќање ќе значи автоматско откажување од бенефициите од спонзорството и губење на изложбениот простор
- Спонзорот се согласува да спонзорира во целост. Нема рекламации.
- Спонзорот се согласува дека ќе достави графичка поддршка и информации околу промовирањето до ОМД во рок од 2 недели пред да биде потпишан договорот. Графичката поддршка треба да биде во .tif или .eps формат, со резолуција од 300dpi. Краен рок за достава на графичка поддршка и сите информации е 23 Мај, 2011.

ОМД ќе се посвети во исполнување на сите очекувања поврзани со вашето спонзорство. За повеќе информации обратете се до Методија А. Колоски на телефонот (202) 294-3400 или на mkoloski@umdiaspora.org

Ве молиме доставете поштенска пратка со потпис на договорот за спонзорство до United Macedonian Diaspora, 1101 Pennsylvania Avenue, NW, 6th Floor, Washington, D.C. 20004; или пратете факс на (202) 756-7323

СПОНЗОР $500 Бенефиции: • Објава на вашето лого во сите печатени конференциски материјали. • Едно бесплатно вале паркирање за вашето возило • Една бесплатна регистрација за конференцијата • Споменување на вашата компанија во Конференцискиот Журнал	**ПРИЈАТЕЛ НА ОМД - $1,000** Бенефиции: • Објава на вашето лого во сите печатени конференциски материјали. • Едно бесплатно вале паркирање за вашето возило • Една бесплатна регистрација за конференцијата • Споменување на вашата компанија во Конференцискиот Журнал – црно-бело печатење со големина на визит карта
БЛАГОДАРИТЕЛ НА МАКЕДОНСКОТО НАСЛЕДСТВО - $2,500 Бенефиции: • Објава на вашето лого во сите печатени конференциски материјали. • Две бесплатни валепаркинг места за вашете возила • Две бесплатни регистрации за конференцијата • Реклама во Конференцискиот Журнал – црно-бел печат, четвртина страна • Рекламирање на интернет страната на UMD GC2011	**СВЕТСКИ МАКЕДОНЕЦ - $3,500** Бенефиции: • Објава на вашето лого во сите печатени конференциски материјали. • Две бесплатни вале паркинг места за вашите возила • Две бесплатни регистрации за конференцијата • Реклама во Конференцискиот Журнал – црно-бел печат, половина страна • Рекламирање на интернет страната на UMD GC2011

БРОНЗЕНО СПОНЗОРСТВО - $5,000

Бенефиции:

- Објава на вашето лого во сите печатени конференциски материјали.
- Три бесплатни вале паркинг места за вашите возила
- Три бесплатни регистрации за конференцијата
- Споменување на вашата компанија во Конференцискиот Журнал – црно-бел печат, цела страна
- Рекламирање на интернет страната на UMD GC2011
- Специјален попуст на промотивни пакети

СРЕБРЕНО СПОНЗОРСТВО - $10,000

Бенефиции:

- Објава на вашето лого во сите печатени конференциски материјали.
- Пет бесплатни вале паркирања за вашите возила
- Пет бесплатни регистрации за конференцијата
- Рекламирање на вашата компанија во Конференцискиот Журнал – предна внатрешна или задна внатрешна страна, во боја
- Рекламирање на интернет страната на UMD GC2011
- Специјален попуст на промотивни пакети
- Можност за држење говор или јавно излагање на конференцијата
- Знаме (вие снабдувате) со лого на вашата компанија истакнато на видно место во собата за средби
- Споменување на вас и вашата компанија во тек на конференцијата

ЗЛАТНО СПОНЗОРСТВО - $15,000

Бенефиции:

- Објава на вашето лого во сите печатени конференциски материјали.
- Седум бесплатни вале паркирања за вашите возила
- Седум бесплатни регистрации за конференцијата
- Рекламирање на вашата компанија во Конференцискиот Журнал – цела задна корица во боја
- Рекламирање на интернет страната на UMD GC2011
- Специјален попуст на промотивни пакети
- Можност за држење говор или јавно излагање на конференцијата
- Знаме (вие снабдувате) со лого на вашата компанија истакнато на видно место во конференцискаta експо сала
- Споменување на вашата компанија во тек на конференцијата
- Маса со два стола во експо салата
- Предност за бирање на место во конференцискаta експо сала
- Ваши промотивни материјали во официјалната чанта на конференцијата

ПЛАТИНУМ – $25,000

Бенефиции:

- Објава на вашето лого во сите печатени конференциски материјали.
- Десет бесплатни вале паркирања за вашите возила
- Десет бесплатни регистрации за конференцијата
- Рекламирање на вашата компанија во Конференцискиот Журнал – среден распон од две страни во боја
- Рекламирање на интернет страната на UMD GC2011
- Специјален попуст на промотивни пакети
- Можност за држење говор или јавно излагање на конференцијата
- Знаме (вие снабдувате) со лого на вашата компанија истакнато во конференцискаta експо сала
- Маса со два стола во експо салата
- Главно место во конференцискаta експо сала
- Споменување на вашата компанија во тек на конференцијата
- Можност за дистрибуирање на промотивни предмети до сите присутни
- Ваши промотивни материјали во официјалната чанта на конференцијата

ОМД ГК 2011 СПОНЗОР КОНТРАКТ

Ниво на Спонзорство: _____

Име на Компанијата: _____ Интернет Адреса: _____

Адреса на Компанијата: _____

Град: _____ Држава: _____ Поштенски Код: _____

Деловен Телефон: _____ Факс: _____

Лице за Контакт: _____ Титула: _____

Телефон: _____ Е-пошта: _____

АПотпис: _____ Датум: _____

Личноста која е потписник на договорот гарантира дека тој/таа има авторитет да го уважи овој договор со Обединетата Македонска Дијаспора и со тоа дава согласност за сите термини и правила помеѓу Конференцијата и Компанијата споменати понатаму. Лицето кое го авторизира договорот гарантира дека сите генерални термини, правила и договори се прочитани и со тоа дава согласност и потврда прифаќање на истите.

ОМД е класификувана како 501(c)(3) добротворна организација основана во Соединетите Американски Држави и е регистрирана под истиот статус во Канада. Според кажаното, сите спонзорства можат да бидат додадени на даночните пресметки на вашата компанија.

Triple "A" Cheese

BEHOLD THE POWER OF CHEESE

The Stanwyck Family

Triple A's management team has over 30 years of experience in Canada and offers nutritional data, recipes, company history and supplies Feta Cheese.

Tel: (416) 561-7053
Email: chris@tripleacheese.com
Web: www.tripleacheese.com
7210 Torbram Road Mississauga, Ontario L4T 3L7